ИЗВЕШТАЈ
ОД
ИСТРАЖУВАЊЕТО

# ПОТРЕБИ И ПРОБЛЕМИ НА ЛГБТИК ЛУЃЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извештај од истражувањето: Потреби и проблеми на ЛГБТИК луѓето во Република Северна Македонија

Издавач:
Хелсиншки комитет за човекови права – Скопје
ЛГБТИ Центар за поддршка

За издавачот:
Неда Здравева, претседателка

Уредник:
Уранија Пировска, извршна директорка

Авторка:
Биљана Гинова

Рецензија:
Билјана Котевска

Лектура:
Весна Костовска

Дизајн, подготовка и печат:
КОМА

Тираж:
500

Бесплатен некомерцијален примерок

Скопје, мај 2021 година

„Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Унапредување на човековите права и слободи на ЛГБТИ луѓето во Македонија“ поддржан од постојаното претставништво на Кралството Холандија во ОБСЕ. Мислењата, откритијата, заклучоците или препораките изнесени овде се целосна одговорност на спроведувачите и не секогаш ги изразуваат ставовите и мислењата на донаторот.“

## Благодарност

Хелсиншкиот комитет за човекови права и ЛГБТИ Центарот за поддршка им ја изразуваат својата срдечна благодарност на сите што посветено и детално работеа на спроведувањето и објавувањето на ова истражување:

→На сите храбри луѓе што ги споделија своите искуства во интерес на ова истражување. Без нив, овој извештај немаше да биде можен. Сите препораки што ги споделија со нас се наши приоритети за кои ветуваме дека секојдневно ќе се залагаме и ќе се застапуваме;

→На анкетарите: Александра Стојановска, Благоја Јовановски, Елена Гаговска, Елена Петровска, Ермин Омеровиќ, Јован Јосифовски, Кристијан Матоски, Маја Балшиќевска, Предраг Јовановски, Семран Сулејман за тестирањето и обезбедените коментари во насока на подобрување на прашалникот и особено за внимателно организираните разговори со ЛГБТИК луѓето за документирање на нивните искуства;

→На Билјана Котевска за рецензијата и сите совети и насоки за подобрување на извештајот од истражувањето;

→На Јована Јовановска и Сања Стефановиќ за целата логистичка поддршка при спроведувањето на истражувањето, како и за нивните коментари во насока на подобрување на прашалникот и на истражувањето.

# СОДРЖИНА


1. **ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ........................................ **9**
2. **ВОВЕД** ........................................ **10**
2.1. Општествен и правен контекст ........................................ 11
2.2. Цел на истражувањето ........................................ 13

3. **МЕТОДОЛОГИЈА** ........................................ **14**
3.1. Секундарни податоци ........................................ 14
3.2. Примарни податоци ........................................ 15
3.2.1. Прашалник ........................................ 15
3.2.2. Прибирање податоци ........................................ 15
3.2.3. Истражувачки примерок и демографски податоци ........................................ 17

4. **НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ........................................ **19**
4.1. Пристап до социјална заштита ........................................ 19
4.2. Пристап до здравствена заштита ........................................ 28
4.2.1. Пристап до гинеколог ........................................ 30
4.2.2. Пристап до примарна и секундарна здравствена заштита за транс-лица ........................................ 33
4.3. Пристап до образование ........................................ 35
4.4. Пристап до вработување ........................................ 38
4.5. Насилство и семејно насилство ........................................ 40
4.6. Полициско постапување ........................................ 46
4.6.1. Полициско постапување со ЛГБТИК луѓе ........................................ 47
4.6.2. Полициски третман на ЛГБТИК жртви ........................................ 50
4.6.3. Примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници врз ЛГБТИК луѓе ........................................ 52
4.6.4. Пријавување случаи на примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници ........................................ 52
4.6.5. Доверба кај ЛГБТИК луѓето дека полицијата ќе ги заштити кога ќе имаат потреба од тоа ........................................ 54
4.7. Пристап до останати услуги ........................................ 55
4.8. Информации од страна на институциите ........................................ 57

**5. КОМПАРАТИВЕН ПРИКАЗ НА НАОДИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО СПРОВЕДЕНО ВО 2015 И ОД ТОА СПРОВЕДЕНО ВО 2020 ГОДИНА ..... 59**

5.1. Пристап до социјална заштита ..... 59

5.2. Пристап до правни услуги ..... 60

5.3. Прашања од областа на полициското постапување ..... 61

5.3.1. Полициско постапување со ЛГБТИК луѓе ..... 62

5.3.2. Полициски третман на ЛГБТИК жртви ..... 63

5.3.3. Примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници врз ЛГБТИК луѓе ..... 64

5.3.4. Пријавување случаи на примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници ..... 64

5.3.5. Доверба дека полицијата ќе ве заштити вас и вашите права кога ќе имате потреба од тоа ..... 65

**6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ ..... 65**

6.1. Заклучок ..... 65

6.2. Препораки ..... 67

6.2.1. Унапредување и примена на законската рамка ..... 67

6.2.2. Развој на капацитетите на институционалните системи ..... 68

6.2.3. Олеснување на пристапот до информации и подигнување на јавната свест ..... 68

**7. ПРИЛОЗИ ..... 70**

**Прилог 1** – Прашалник за утврдување на пристапот до услуги и заштита за ЛГБТИК луѓето во Република Северна Македонија ..... 70

**Прилог 2** – Табела 2: Број на испитаници што одговориле на прашалникот прикажани според прашање ..... 97

**Прилог 3** – Табела 3: Компаративен приказ на наодите од областа „Пристап до социјална заштита“ ..... 98

**Прилог 4** – Табела 4: Компаративен приказ на наодите од областа „Пристап до правни услуги“ ..... 101

**Прилог 5** – Табела 5: Компаративен приказ на наодите од областа „Полициско постапување“ ..... 103

# РЕЧНИК НА ТЕРМИНИ

Речникот на термини е подготвен со цел да обезбеди разбирање на терминологијата користена во извештајот и да ги опише концептите поврзани со сексуалната ориентација, родовиот идентитет, родовото изразување и половите карактеристики.

## АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| ЛГБТИК | Лезбејки, геј-мажи, бисексуални, транс, интерсекс и квир |
| СОРИ | Сексуална ориентација и родов идентитет |
| СОРИИПК | Сексуална ориентација, родов идентитет и изразување и полови карактеристики |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| НВО | Невладина организација |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |

## ДЕФИНИЦИИ

Листата на дефинициите се однесува на поими споменати во овој текст. Вклучени се дефинициите што се често користени од страна на ЛГБТИК организациите. Ова истражување зема предвид дека за многумина, полот, родот и сексуалноста не се крајни категории, туку спектрум на бидување.

| | |
|---|---|
| Пол | Класификацијата на лицето како женско, машко или интерсекс. На бебињата најчесто им се назначува полот при раѓањето според изгледот на надворешната анатомија. Полот на секоја личност е комбинација од телесните карактеристики, вклучително и хромозомите (типично хромозоми XY = машко, а XX = женско), органите за репродукција и секундарните полови карактеристики. |
| Полови карактеристики | Физичките карактеристики на секоја личност поврзани со полот, како гениталиите, репродуктивната анатомија, хромозомите, хормоните и секундарните физички карактеристики што се појавуваат во пубертетот. |
| Интерсекс | Термин што се користи за луѓето кои имаат една или повеќе варијации на физичките полови карактеристики различни од традиционалните концепции за машко и женско тело. Некои карактеристики на интерсекс може да се идентификуваат при раѓањето, но некои не може да се забележат до пубертетот или подоцна во животот. Интерсекс не е синоним за трансродово лице. |
| Интерсексфобија | Интерсексфобија (или интерфобија) претставува збир на идеи и феномени што опфаќаат низа негативни ставови, чувства или постапки кон лица за кои се верува дека поседуваат биолошки полови карактеристики што не се типично машки или женски (без оглед на тоа дали се родени како интерсекс или манифестираат небинарен родов идентитет и родово изразување што обично се поврзува со вродените карактеристики на интерсекс). |
| Род | Родот се однесува на социјалните, бихевиорални и културни атрибути, очекувања и норми поврзани со машкоста и женскоста. Во ова истражување родот се подразбира како небинарен концепт. |
| Родов идентитет | Лично искуство и разбирање на својот род што може да биде во корелација со или да се разликува од полот назначен при раѓањето (да се биде маж, жена, нешто помеѓу, ништо или нешто друго надвор од бинарното разбирање на родот). Родовиот идентитет претставува внатрешно чувство што не е секогаш видливо за другите. |

| | |
|---|---|
| Родово изразување | Начинот на кој едно лице го искажува својот род во односите со другите, вклучително и облека, фризура, глас, однесување, користење заменки. |
| Цисродовост | Цис или цисродов/-а се однесува на лице чиј родов идентитет е во согласност со полот назначен при раѓањето. |
| Трансродовост | Транс или трансродов/-а се однесува на лице чиј пол назначен при раѓањето не се совпаѓа со нивниот родов идентитет. |
| Трансфобија | Збир на идеи и феномени што опфаќаат низа негативни ставови, чувства или постапки кон трансродовите лица или трансродовоста. Трансфобијата може да вклучува страв, аверзија, омраза, насилство, гнев или непријатност кон луѓето што не подлегнуваат на општествените родови очекувања. Претставува вид на предрасуда и дискриминација, слична на расизмот и на сексизмот. |
| Сексуална ориентација | Трајниот капацитет на секоја личност за длабоки романтични, емоционални и/или физички чувства или привлечност кон личност(и) од одреден пол или род. Опфаќа хетеросексуалност, хомосексуалност и бисексуалност и широк спектар на други изразувања сексуална ориентација. |
| Лезбејка | Жена што има романтична, емоционална и/или физичка привлечност кон други жени. Ова истражување зема предвид дека лезбејката може да биде и асексуално, трансродово, геј, небинарно лице и слично. |
| Геј-маж | Маж што има романтична, емоционална и/или физичка привлечност кон други мажи. Терминот „геј“ понекогаш го користат и женски лица. Ова истражување зема предвид дека геј-маж може да биде и асексуално, трансродово, небинарно лице и слично. |
| Бисексуални лица | Лица што имаат романтична, емоционална и/или физичка привлечност кон лица од повеќе родови. |
| Квир | Заеднички термин за сексуални и родови малцинства што не се хетеросексуални или цисродови. Ова истражување ја зема предвид историската димензија на користење на овој термин, односно дека овој термин се користел како навреда за геј-мажи и лезбејки, но подоцна беше одомаќинет од страна на активистите како самоидентификувачки израз. |
| Сексуални и родови малцинства | Лица чиј пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување се разликуваат од тие на мнозинската група во општеството. |
| Хетеросексуални лица | Лица што имаат романтична, емоционална и/или физичка привлечност кон лица од различен пол и/или родов идентитет од сопствениот. |
| Хомофобија | Збир на идеи и феномени што опфаќаат низа негативни ставови, чувства или постапки кон хомосексуалноста и лицата што се перципирани како геј. |
| Лезбофобија | Збир на идеи и феномени што опфаќаат низа негативни ставови, чувства или постапки кон лезбејките и лицата што се перципирани како лезбејки. |
| Бифобија | Збир на идеи и феномени што опфаќаат низа негативни ставови, чувства или постапки кон бисексуалноста и лицата што се перципирани како бисексуални. |
| Човекови права | Слободите и правата што им припаѓаат на сите затоа што се човечки суштества. Човековите права се почит за достоинството на луѓето и осигурување дека имаат средства што ќе им овозможат да се издржуваат, да се развиваат и да учествуваат во општеството. Овие права се универзални и не смее никому да му бидат одземени. |
| Дискриминација | Нееднаков третман од страна на кое било јавно или приватно правно лице или физичко лице кон определено лице или група лица поради нивните лични карактеристики, како што се, на пример: раса, боја на кожа, етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет и изразување, полови карактеристики, религија, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, здравствена состојба или која било друга основа. |
| Семејно насилство | Насилство што може да биде кон брачен другар, помеѓу родителите и/или децата и/или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и кон сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или помеѓу лица што имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед на тоа дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не. |

# 1 ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Ова истражување беше спроведено со цел подобро да се разберат потребите и проблемите со кои се соочуваат лезбејките, геј-мажите, бисексуалките и бисексуалците, трансродовите, интерсекс и квир (ЛГБТИК) луѓето во Република Северна Македонија (РСМ). Истражувањето се заснова врз истражување спроведено од страна на ЛГБТИ Центарот за поддршка во 2015 година. Дополнително, ова истражување прибра конкретни информации за искуствата на ЛГБТИК луѓето со дискриминација при пристап до образование и здравство.

Колективните искуства на ЛГБТИК луѓето покажуваат високо ниво на изложеност на дискриминација, вознемирување и насилство поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување. И покрај тоа, најголемиот дел од нив не го пријавуваат тоа кај одговорните институции најчесто поради недоверба дека случајот ќе се реши и поради страв дека тоа може да предизвика штетни последици за нив. Тие малкумина што се охрабриле да пријават најчесто се соочиле со дополнителна дискриминација или несоодветен однос поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување или со ненавремено и неефикасно постапување, а тоа дополнително придонесува за веќе големата недоверба во институциите.

Речиси сите ЛГБТИК луѓе што учествуваа во истражувањето сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации за тоа како да се препознае дискриминација и насилство врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување и каде да се пријави тоа со цел да се обезбеди правна заштита. Дополнително, голем број од нив сметаат дека се потребни континуирани обуки на службениците во институциите, јавни кампањи, како и афирмативни мерки за вработување ЛГБТИК луѓе во институциите што обезбедуваат социјални услуги во заедница или институција.

Истражувањето беше спроведено кај 217 испитаници од целата територија на РСМ, а наодите покажуваат дека 56,67 % од испитаниците изразиле незадоволство од односот на стручната служба при користењето услуги од социјалната заштита (социјални услуги во институција и во локална заедница). Притоа, најчести причини за незадоволството се дискриминација и несоодветен однос на службениците поради сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на испитаниците (42,86 %) и ненавременото и/или неефикасно постапување (38,78 %). Загрижувачки е податокот дека ниту еден од испитаниците што

преживеал дискриминација при користење социјални услуги во локална заедница, во институција или од страна на стручната служба не го пријавил случајот до ниту една релевантна институција или организација.

Речиси половина од испитаниците (49,25 %) биле дискриминирани во рамките на образовниот процес од страна на соучениците, наставниот кадар или администрацијата, а од нив, 81,19 % не го пријавиле случајот во ниту една надлежна институција. При пристап до вработување биле дискриминирани 20,71 % испитаници на работното место и 16,76 % при процесот на вработување (за време на интервју, тестирање за работна позиција и слично) поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или изразувањето. Најголемиот дел од нив (87,89 %) не го пријавиле случајот на дискриминација во ниту една одговорна институција или организација.

Половина од сите испитаници (51,17 %) преживеале некаков вид насилство поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување. Четворица од петмина испитаници (82,14 %) не го пријавиле случајот во ниту една надлежна институција или невладина организација. Од оние 17,86 % што го пријавиле насилството, 73,33 % не биле задоволни од третманот на институциите, и тоа повеќе од половина (53,85 %) поради дискриминација и несоодветен однос од страна на службениците поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување, а 46,15 % поради ненавремено и неефикасно постапување.

Наодите покажуваат висок степен на дискриминација и несоодветен однос поради сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на испитаниците, како и општ непрофесионален однос и злоупотреба на авторитет од страна на полициските службеници. Па така, дискриминирани биле една третина од испитаниците што имале контакт со полициски службеници надвор од полициска станица (31,31 %). Перцепцијата за непрофесионален однос на полициските службеници е поткрепена и со податоците што се однесуваат на примената на конкретните полициски овластувања. Наодите покажуваат дека само 17,24 % од полициските службеници самоиницијативно се легитимирале и дополнителни 4,83 % тоа го сториле на барање на испитаниците. Тоа придонесува за намалување на довербата на ЛГБТИК луѓето кон нив. Дополнително, четворица од петмина испитаници (88,95 %) одговориле дека немаат доверба во полицијата оти ќе ги заштити нив или нивните права кога ќе имаат потреба од тоа.

Наодите од истражувањето покажаа мал пад во перцепцијата на дискриминација и насилство споредено со 2015 година, но значителен пораст на непријавување на тие случаи во одговорните институции. Може да се претпостави дека јавната поддршка од страна на политичкиот врв во РСМ, унапредувањето на легислативата во насока на заштита на правата на ЛГБТИК луѓето, но и работата на ЛГБТИК организациите, јавните кампањи за унапредување на положбата на ЛГБТИК луѓето и успешното одржување на првата Парада на гордоста во Скопје придонеле за пад во перцепцијата на дискриминација и насилство. Сепак, тоа не е доволно, затоа што податоците покажуваат повисоко ниво на недоверба во институциите споредено со 2015 година.

Збирните наоди од истражувањето потврдуваат дека ЛГБТИК луѓето имаат ограничен пристап до права и услуги поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување во РСМ. Затоа, неопходно е да се преземат соодветни чекори и мерки од страна на сите засегнати страни, но, пред сѐ, од државниот апарат во насока на заштита на правата на ЛГБТИК луѓето во земјава. Препораките што ги вклучува овој извештај се базираат врз заклучоците од ова истражување, препораките од испитаниците и препораките од ЛГБТИК организациите, уредени во три области:

- Унапредување и примена на законската рамка;
- Развој на капацитетите на институциите; и
- Олеснување на пристапот до информации и подигнување на јавната свест.

Навременото и целосно спроведување на овие препораки е од клучно значење со цел ЛГБТИ луѓето да може да го живеат својот живот без насилство и дискриминација и да го остварат својот полн потенцијал.

# 2
# ВОВЕД

## 2.1. Општествен и правен контекст

Во Република Северна Македонија (РСМ), пристапот до услуги и остварување на правата за ЛГБТИК луѓето сè уште е ограничен. И покрај позитивните законски измени и јавната поддршка упатена од страна на највисокиот државен врв, сепак ЛГБТИК луѓето сè уште се соочуваат со препреки при остварувањето на своите права, изложени се на стигма, дискриминација и нефер пристап до можности.

Во 2015 година, политичко-општествениот контекст беше многу поразличен во споредба со 2020 година. Хомофобичниот и трансфобичниот говор на омраза сè уште беа поттикнувани и одржувани од страна на тогашниот државен врв и религиските челници. Ниту еден закон не го вклучуваше родовиот идентитет како заштитена категорија, а антидискриминационата легислатива, како и Кривичниот законик во делот на злосторства од омраза не ги вклучуваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет како заштитни категории. Периодот помеѓу 2012 и 2015 година бележи значителен пораст на насилството врз родовите и сексуални малцинства. Во тој период, ЛГБТИ Центарот за поддршка беше нападнат шест пати. Два од тие напади беа за време на настани на кои присуствуваа повеќе од 40 лица. Освен што не следуваше обвинение за ниту едно од делата на омраза при солиден доказен материјал од видеоснимки и сведоштва, отсуствуваше и јавната осуда за насилството од страна на тогашниот политички врв. ЛГБТИК и активистите за човекови права тоа го протолкуваа како охрабрување да продолжи хомофобичното и трансфобичното насилство, а тоа се потврди со порастот на документирани случаи на злосторства и говор на омраза врз групи и индивидуалци перципирани како ЛГБТИК.

Во 2017 година, по единаесет години владеење, демохристијанското ВМРО-ДПМНЕ беше заменето со социјал-демократска коалиција, предводена од СДСМ. Главен фокус на новоформираната влада промовиран во јавноста беше ставен на брзи реформи за да се врати владеењето на правото и да се изгради „едно општество за сите". Во рамките на тоа, за првпат во историјата на земјава следуваа неколку јавни изјави на поддршка за ЛГБТИК луѓето од страна на високи државни функционери: министерот за култура го отвори Викендот на гордоста во Скопје 2017, а во 2018 година, Министерството беше меѓу донаторите за фестивалот и со мал, но многу значаен придонес, за првпат, ЛГБТИК настан беше финансиран од државните фон-

дови. Во декември 2017 година, министерот за внатрешни работи ја отвори конференцијата „Пристап до правда за ЛГБТИ“ со зборовите дека Кривичниот законик мора да се промени и да се препознаат сексуалната ориентација и родовиот идентитет (СОРИ) како основи за кривични дела од омраза. Една од најважните јавни изјави беше таа што премиерот ја даде на петгодишнината на ЛГБТИ Центарот за поддршка во 2017 година, во знак на солидарност со оние што ги преживеаја нападите од омраза и за осуда на насилството и дискриминацијата врз ЛГБТИК луѓето.[1]

Во следните две години, Собранието на РСМ презеде конкретни мерки за унапредување на правата на ЛГБТИК луѓето. Во декември 2017 година беше ратификувана Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулска конвенција).[2] Истанбулската конвенција, како сеопфатен, детален и правно-обврзувачки документ, претставува значаен чекор напред и во заштитата на правата на ЛГБТИК луѓето, бидејќи постојната одредба за недискриминација вклучува и сексуална ориентација и родов идентитет. Со ратификацијата на оваа конвенција, родовиот идентитет за првпат беше вклучен во македонската легислатива.

Во периодот помеѓу првото истражување во 2015 година и 2020 година беа усвоени и Законот за спречување и заштита од дискриминација (2020),[3] измени во делот за злосторства од омраза на Кривичниот законик (2018)[4] и измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиуми (2018)[5], кои сега ги вклучуваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет како заштитни категории.

Значителен напредок претставува и формирањето на Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето во април 2018 година. Групата повторно се формира во рамките на новиот парламентарен состав 2020-2024 со цел застапување за потребите на ЛГБТИК луѓето при унапредување на законската рамка во земјава. Напредок во соработката помеѓу Собранието на РСМ и ЛГБТИК организациите е постигнат и со отстапувањето на собраниската сала „Борис Трајковски“ за одржување на годишната регионална конференција на Асоцијацијата за еднакви права на ЛГБТИ луѓето од Западен Балкан и од Турција.[6]

Во текот на 2020 година, Министерството за труд и социјална политика започна процес за изработка на Национален план за ЛГБТИ 2021-2025, а во 2021 година, Министерството за образование започна со обука на наставниците за спроведување пилот-програма

1 Гинова, Б., 2018. Извештај на спроведувањето на Препораката CM/Rec (2010)5 од Комитетот на министри до земјите членки во однос на мерките за борба против дискриминација врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет во Република Македонија. Скопје, Македонија: Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија.

2 Совет на Европа, 2011. Конвенција на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство.

3 Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 258/2020.

4 Кривичен законик, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 37/96, 80/99,4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11,135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18.

5 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Службен весник на Република Македонија“ број 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 248/18.

6 https://bit.ly/3hxVico.

за сексуално сеопфатно образование[7] и Владата го усвои предлог-законот подготвен од Министерството за правда за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција со цел овозможување правно признавање на родот.[8]

Во мај 2020 година, Уставниот суд го укина Законот за спречување и заштита од дискриминација поради процедурална грешка. Имено, во 2019 година, Законот бил усвоен без потребното мнозинство дефинирано со Уставот на РСМ. Во октомври 2020 година, Законот повторно се најде на дневниот ред во Собранието и беше изгласан со 69 пратеници што гласале за Законот.[9] Законот беше изгласан без амандманот на член 18, кој гарантираше транспарентна процедура за избор на членови на Комисијата за заштита од дискриминација. Иако сепак беше спроведен транспарентен избор на комисионери, целата постапка на усвојување, укинување и повторно усвојување на Законот (без член 18) придонесе за зацврстување на правната несигурност за ЛГБТИК луѓето во РСМ.

Периодот помеѓу двете истражувања беше обележан и со организирањето на првата Парада на гордоста во јуни 2019 година. Парадата беше посетена од голем број ЛГБТИК луѓе и активисти, поддржувачи од земјата и од регионот, медиуми, како и претставници од законодавната и извршната власт. Покрај ЛГБТИК активистите, за време на парадата, говори во знак на поддршка одржаа и министерката за труд и социјална политика и координаторката на Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето во рамките на Парламентот на РСМ.

Иако последните години бележат значителен напредок на правната рамка, ЛГБТИК луѓето сè уште се соочуваат со високо ниво на стигма, дискриминација и насилство што поминуваат без правна разрешница. Највидливите дела на омраза – шесте напади врз ЛГБТИ Центарот за поддршка, сè уште не се решени. Ист е случајот и со нападите врз индивидуални членови од ЛГБТИК заедниците. Фактот што делата од омраза поради сексуална ориентација или родов идентитет не добиваат правна разрешница дополнително придонесува за пораст на недовербата кон институциите. Дополнително, Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи сè уште не вовеле системи за документирање на кривичните дела од омраза и нивно следење според различни основи, вклучително и сексуалната ориентација и родовиот идентитет, што би можело да придонесе за унапредување на нивните програми за справување со делата од омраза и зголемување на довербата дека ќе ги заштитат ЛГБТИК луѓето кога ќе биде потребно тоа.

Неодамнешните истражувања спроведени од Светска банка (2018)[10] и од Агенцијата за фундаментални права при Европската Унија (2020)[11] покажуваат дека поголемиот дел од ЛГБТИК луѓето во РСМ не зборуваат јавно за својата сексуална ориентација, родовиот идентитет и изразувањето или половите карактеристики, изложени се на на-

7 https://bit.ly/32xJka1.

8 https://bit.ly/3bxmqV8.

9 https://bit.ly/3sjv3rD.

10 World Bank Group, 2018. *Life on the Margins: Survey Results of the Experiences of LGBTI People in Southeastern Europe. World Bank.* Available at: https://bit.ly/3ga6PxM.

11 FRA (European Union Agency for Fundamental Rights), 2020. *A Long Way to Go for LGBTI Equality. European Union Agency for Fundamental Rights.* Available at: https://bit.ly/3x98rxZ.

силство и дискриминација и немаат доверба во институциите дека би ги заштитиле кога би имале потреба од тоа. Истражувањата покажуваат дека најпогодени категории се трансродовите и интерсекс луѓето. Тоа е отсликано и во правната рамка, која во ниту еден закон не вклучува полови карактеристики како заштитена категорија, не вклучува законско решение за правно признавање на родот и не го препознава транс-специфичното здравје во позитивната листа на Фондот за здравствено осигурување.

Ова истражување, кое се фокусираше на перцепцијата на ЛГБТИК луѓето на дискриминација и насилство при пристапот до социјални услуги, вработување и образование, правни услуги и полициско постапување, обезбеди податоци што може да се користат од страна на ЛГБТИК организациите, но и јавните институции во насока на подобрување на законската рамка, јакнење на капацитетите на институциите и овозможување пристап до информации, а со цел да се олесни остварувањето на човековите права на ЛГБТИК луѓето.

## 2.1. Цел на истражувањето

Целта на истражувањето е да ги идентификува препреките и предизвиците со кои се соочуваат ЛГБТИК луѓето во Република Северна Македонија при остварувањето и заштитата на нивните човекови права, како и да се идентификува прогресот, односно регресот во однос на 2015 година. Ова истражување претставува втор дел на истражувањето спроведено во 2015 година,[12] а ги испитува искуствата на ЛГБТИК луѓето при пристапот до заштита и превенција од дискриминација, социјални услуги, искуствата на насилство, вклучително и семејно насилство, институционална заштита, полициски третман и пристап до полициска заштита. Во периодот помеѓу 2015 и 2020 година, ЛГБТИК организациите во земјава известуваа за прекршување на правата на ЛГБТИК заедниците и во области што не беа опфатени со истражувањето во 2015 година, како што се пристапот до здравствени услуги и пристапот до образование. Па затоа, ова истражување вклучи прашања и за овие области во делот на дискриминација. Делот за пристап до здравство овозможи документирање на искуствата на ЛГБТИК луѓето до општи здравствени услуги, како и пристапот до здравствени услуги специфични за транс-луѓето и пристапот до гинеколошки услуги специфично за цис-жени, транс-мажи, небинарни и интерсекс луѓе, кои имаат потреба од гинеколошки прегледи.

12 Андоновски К., Бојановска Д., Богоевски П., Гелевска А.,. 2015. *Анализа на проблемите и потребите на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија (во областа на социјалната заштита, правните услуги и полициското постапување).* ЛГБТИ Центар за поддршка.

# 3 МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата за ова истражување се базираше врз собирање и анализа на примарни податоци и секундарни податоци. Методологијата за собирање на примарните податоци беше дизајнирана на примена на комбиниран методолошки пристап, користејќи и квантитативни и квалитативни методи. Особено внимание беше посветено на воспоставувањето доверлив и безбеден простор за прибирање податоци преку користењето т.н. врсничко истражување. Користената методологија овозможува компаративен преглед на наодите од 2015 и 2020 година со цел подобро да се разбере прогресот, односно регресот при остварувањето на човековите права на ЛГБТИК луѓето во РСМ. Анализата на секундарни податоци ги вклучи архивираните податоци од истражувањето во 2015 година, постојната правна рамка и преглед на литература.

## 2.1. Секундарни податоци

Анализата на секундарни податоци беше спроведена врз достапните податоци за положбата на ЛГБТИК луѓето во Република Северна Македонија. Тоа првенствено го вклучи извештајот од истражувањето спроведено во 2015 година од страна на ЛГБТИ Центарот за поддршка, но беше проширено со извештаите што беа објавени од страна на Светска банка (2018),[13] Агенцијата за фундаментални права при Европската Унија (2020)[14] и Извештајот за ЛГБТИ и ЕУ проширувањето (2021).[15]

Со цел да се преиспита правната и институционална рамка за овозможување пристап до човекови права за ЛГБТИК луѓето, како и за да може да се идентификуваат најсоодветните препораки, направена е содржинска анализа на правната рамка. Дел од законите што беа разгледани ги вклучуваат Законот за спречување и заштита од дискриминација, Кривичниот законик, Законот за аудио и аудиовизуелни медиуми и Законот за работни односи.

13 World Bank Group, 2018. ***Life on the Margins: Survey Results of the Experiences of LGBTI People in Southeastern Europe***. World Bank. Available at: https://bit.ly/3ga6PxM.

14 FRA (European Union Agency for Fundamental Rights), 2020. A Long Way to Go for LGBTI Equality. European Union Agency for Fundamental Rights. Available at: https://bit.ly/3x98rxZ.

15 https://bit.ly/3h6UoDo.

## 2.2. Примарни податоци

### 2.2.1. Прашалник

Прашалникот (Прилог 1) што беше користен за прибирање податоци во рамките на ова истражување вклучи прашања што беа организирани во четири групи: а) пристап до социјална заштита, б) дискриминација при пристап до здравство, образование и вработување, в) насилство и семејно насилство и г) полициско постапување.

Делот за пристап до социјална заштита вклучи прашања за искуствата при користење социјални услуги во заедница и во институција, искуствата на дискриминација и искуствата при пријавување на случаите од дискриминација. Во делот за дискриминација при пристап до здравство, образование и вработување, покрај прашањата за перципираната дискриминација и пријавување на случаите на дискриминација, исто така, беа вклучени и прашања за пристапот до гинеколог и до транс-специфични здравствени услуги. Во делот за насилство и семејно насилство направивме обид да ги разбереме искуствата на луѓето што преживеале различни видови насилство, како и нивните искуства при пријавување на овие случаи во јавните институции и во невладините организации.

Прашањата во делот за полициско постапување беа организирани во пет подгрупи: полициско постапување со ЛГБТИК луѓе, полициски третман на ЛГБТИК жртви, примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници врз ЛГБТИК луѓе, пријавување случаи на примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници и доверба кај ЛГБТИК луѓето дека полицијата ќе ги заштити кога ќе имаат потреба од тоа.

Прашалникот вклучи затворени и отворени прашања. Затворените прашања се одговараа врз база на понудени опции за одговори. Па така, кај затворените прашања имаше можност за скалесто оценување, одговарање со избор на една опција или одговарање со избор на повеќе опции. Отворените прашања што беа дел од прашалникот даваат можност за подлабинско разбирање на искуствата на ЛГБТИК луѓето.

Прашалникот што го користевме за ова истражување се базира врз тој користен во 2015 година, но проширен за деловите: пристап до здравствени услуги и пристап до образование, а со цел да се приберат актуелни податоци за перципирана дискриминација од страна на ЛГБТИК луѓето, како и за нивните искуства при пријавување случаи на дискриминација и во овие области. Сметавме дека овие податоци може да им бидат од корист и на јавните институции и на невладините организации при креирање или застапување за јавните политики, како и при развој на програмите за работа.

### 2.2.2. Прибирање податоци

Методолошкиот пристап за прибирање податоци беше базиран врз т.н. врсничко истражување (peer research approach).[16] Тоа вклучи интервјуа, кои се спроведуваа „еден на еден“ на начин што истражувањето помеѓу геј и бисексуалните мажи беше спро-

16 Balzer, C. and Hutta, J.S., 2015. *Transrespect versus Transphobia Worldwide: The Social Experiences of Trans and Gender-Diverse People in Colombia, India, the Philippines, Serbia, Thailand, Tonga, Turkey and Venezuela.* Transgender Europe. Available at: https://bit.ly/3wZTyO6.

ведено од геј и бисексуални мажи, помеѓу ЛБК жените од ЛБК жени и помеѓу транс и родово небинарните луѓе од претставници од овие заедници. Овој метод овозможува да се намали објективизирањето на учесниците во истражувањето, овозможувајќи тие да го водат процесот преку преземање на одговорноста на кој начин ќе се прибираат податоците. Дополнително, овој процес овозможува безбеден простор за учесниците во истражувањето да користат јазик и терминологија блиска до нивната (суб)култура, наместо „општествено прифатливи ставови" што често се јавува кај истражувања спроведени „лице в лице". Покрај тоа што на учесниците им се овозможи да ги споделуваат своите искуства во безбедна средина, овој процес послужи и за јакнење на капацитетите на самите истражувачи што претходно посетија обука. Обуката за врсничките истражувачи се состоеше од два дела. Првиот дел беше насочен кон запознавање со содржината на прашалникот за да се осигури дека истражувачите добро ги разбираат прашањата и можат јасно да им ги пренесат и да им ги дообјаснат на нивните испитаници, доколку е потребно тоа. Вториот дел од обуката беше посветен на тоа како да постапат истражувачите во случај на тешки емотивни ситуации, кои се очекува да се појават во текот на интервјуата и како во такви случаи да ги упатат нивните соговорници кон достапните услуги за психосоцијална поддршка и/или правно советување. Како уште еден аспект од врсничкото истражување, за време на обуката, анкетарите имаа можност да учествуваат во финализирањето на содржината на прашалникот. Пред да се започне со истражувањето, прашалникот беше пилотиран и тестиран помеѓу единаесеттемина анкетари.

При креирањето на методологијата на истражувањето во 2015 година, истражувачкиот тим се одлучи за опфаќање опортунитетен примерок од вкупната ЛГБТИ популација, вклучувајќи ги само оние градови каде што постоеја активистички јадра на ЛГБТИ луѓе со кои Центарот имал воспоставено комуникација. За таа цел, тие дистрибуираа по 20 прашалници во секоја од овие општини. За да се запази можноста за компаративна анализа, повторно беа вклучени истите градови. Тоа се градовите Скопје (дополнително Општина Шуто Оризари), Тетово, Куманово, Битола, Струмица и Прилеп. Со оглед на тоа што дел од активистичките јадра функционираат независно од ЛГБТИ Центарот за поддршка, а дел веќе не се во функција, овој пат истражувањето се спроведе на територијата на цела држава. Прибирањето на податоците се спроведуваше во периодот помеѓу 19 ноември 2020 година и 10 јануари 2021 година. Се прибраа вкупно 217 целосно пополнети прашалници од 25 населени места во земјава.

За сите испитаници беше обезбеден бруто-надоместок од 615 денари за нивното учество во истражувањето со цел да се обезбеди симболичен надоместок за времето што го посветија за одговарање на прашалникот, особено земајќи предвид дека ЛГБТИК луѓето беа финансиски најпогодени од ефектите на пандемијата предизвикана од КОВИД-19.

Пред започнувањето со прибирање податоци, анкетарите добија Упатство за спроведување интервју што ги содржеше клучните насоки презентирани за време на обуката, Листа на дефиниции на клучни термини користени во рамките на истражувањето и Листа на организации што обезбедуваат поддршка за ЛГБТИК луѓето, како и нивни контакти во случај тоа да било потребно за некој од испитаниците.

#### 2.2.2.1. Разлики во пристапот споредени со истражувањето од 2015 година

Иако методолошкиот пристап се базира врз методологијата користена во 2015 година, сепак во рамките на ова истражување се направени неколку ограничувања за споредливоста на резултатите:

- Промена на градовите: Во 2015 година, при ЛГБТИ Центарот за поддршка функционираа активистички јадра во Скопје (дополнително Општина Шуто Оризари), Тетово, Куманово, Битола, Струмица и Прилеп во кои се спроведе истражувањето. Во 2020 година, дел од тие јадра повеќе не беа активни, па затоа истражувањето се прошири на територијата на цела земја. Дополнително, прашалникот користен во 2020 година не даде јасен увид за тоа колку учесници доаѓаат од Општината Шуто Оризари, затоа што сите беа заведени под опцијата „Скопје“.
- Отстапувања од врсничкото прибирање податоци: Кај дел од анкетарите беше евидентирано отстапување од врсничкото прибирање податоци, но само во услови каде што испитаникот и анкетарот веќе имаат развиено доверлив однос. Евидентираните отстапувања не беа повеќе од 10 % од вкупниот истражувачки примерок.
- Проширена листа на причини за непријавување случај на дискриминација или насилство: Во 2015 година, за да се разберат причините поради кои испитаниците не ги пријавувале случаите на дискриминација или насилство, меѓу останатите беше понудена и опцијата: „верувам дека ќе имам штетни последици доколку го пријавам случајот“. За да добиеме појасна претстава, во 2020 година таа опција ја разградивме на три: „страв за мојата безбедност“, „страв од откривање на мојата сексуална ориентација и/или родов идентитет“ и „страв од осуди и предрасуди од мојата околина“. При компаративната анализа, тоа беше соодветно земено предвид.

#### 2.2.2.2. Други методолошки ограничувања

Покрај ограничувањата споменати во контекст на споредливост на наодите, останатите ограничувања на истражувањето вклучуваат:

- Податоците се прибираа само на македонски јазик:[17] Поради неможноста да се ангажираат анкетари што ги зборуваат јазиците на сите етнички групи, како и поради финансиските ограничувања да се организира превод на прашалникот на тие јазици, истражувањето се спроведе на македонски јазик.
- Застапеноста на примерокот според етничка припадност и други основи: Примерокот за ова истражување не нуди репрезентативен сооднос помеѓу претставниците од различни групи според последниот попис во РСМ од 2002 година.

### 2.2.3. Истражувачки примерок и демографски податоци

Истражувањето беше спроведено помеѓу 217 испитаници од целата територија на Република Северна Македонија. Со оглед на контекстот во РСМ, тешко е да се дојде до

17 Ова ограничување се однесува на користењето на јазиците на помалите етнички заедници присутни на територијата на РСМ. На барање на тројца испитаници, интервјуата со нив беа спроведени на англиски јазик, а податоците забележани во прашалникот на македонски јазик.

ЛГБТИК луѓето што се отворени за својата сексуална ориентација, родовиот идентитет и изразувањето, неопходно беше да се обезбеди можност за вклучување во истражувањето на доброволна основа. Па така, примерокот беше избран од страна на анкетарите и по препорака на испитаниците. Ова истражување не е направено на репрезентативен примерок поради две клучни причини. Речиси е невозможно да се разбере колкава е вкупната ЛГБТИК популација во земјава[18], од една страна, и од друга страна, големата потреба за заштита на приватноста од страна на ЛГБТИК луѓето поради стигмата и хомо/транс/би/лезбо/интерфобијата во земјава. Затоа, ова истражување не прави обид да ја прикаже состојбата на сите ЛГБТИК луѓе во земјава во однос на пристап до права и услуги, туку да ги прикаже искуствата на примерокот користен во ова истражување. Истражувањето е спроведено меѓу испитаници од целата територија на РСМ, од различни возрасти, етнички заедници, социјални средини. Распределбата на испитаниците според местото на живеење е прикажано во Табела 1.

**Табела 1:** **ЛГБТИК испитаници според местото на живеење.**

| | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Битола | 20 | 9,22 % |
| Велес | 8 | 3,69 % |
| Гевгелија | 7 | 3,23 % |
| Гостивар | 3 | 1,38 % |
| Кавадарци | 6 | 2,76 % |
| Кичево | 4 | 1,84 % |
| Кочани | 1 | 0,46 % |
| Крива Паланка | 1 | 0,46 % |
| Куманово | 7 | 3,23 % |
| Неготино | 2 | 0,92 % |
| Охрид | 6 | 2,76 % |
| Прилеп | 8 | 3,69 % |
| Радовиш | 2 | 0,92 % |
| Ресен | 6 | 2,76 % |
| Скопје | 101 | 46,54 % |
| Струга | 7 | 3,23 % |
| Струмица | 12 | 5,53 % |
| Тетово | 9 | 4,15 % |
| Штип | 7 | 3,23 % |
| **Вкупно** | **217** | **100,00 %** |

Демографските податоци на испитаниците се следни:

- **Род**: Најголемиот број испитаници се идентификуваат во женски род (49,31 %), во споредба со машки (43,32 %) и небинарен (5,53 %). Помал дел од испитаниците ја обележале опцијата за друго (1,84 %), наведувајќи „квир", „флуид" и „џендерфак".

18 Заводот за статистика не прибира вакви податоци, па не се знаат ни големината, ни карактеристиките на популацијата, поради што е невозможно да се направи репрезентативен примерок https://bit.ly/3bwlhNB.

- **Возраст**: Просечниот испитаник е на возраст од 27,07 години, а само 3,22 % од испитаниците се на возраст над 45 години.
- **Трансродови испитаници:** Од сите испитаници, 18 (8,29 %) се идентификуваат како трансродови.
- **Интерсекс испитаници:** Од сите испитаници, само едно лице навело дека се идентификува како интерсекс, додека, пак, две лица означиле дека не сакаат да одговорат.
- **Попреченост:** Од сите испитаници, 17 (7,83 %) навеле дека имаат попреченост.
- **Етничка припадност:** Најголемиот број испитаници се припадници на македонската етничка заедница (81,57 %), останатите се од албанска (7,37 %), ромска (3,23 %), српска (1,38 %), турска (1,38 %). Двајца испитаници навеле дека се од влашката етничка заедница, еден испитаник навел дека е Македонец – Евреин, една испитаничка дека е Македонка – Хрватка и еден дека е Црногорец.
- **Социо-економска состојба:** Речиси две третини од испитаниците, според личната перцепција, припаѓаат на средна социо-економска класа (64,98 %), а малку повеќе од една четвртина на работничката класа (26,73 %). Помал дел од испитаниците сметаат дека припаѓаат на висока класа (3,23 %).
- **Сексуална ориентација:** Повеќе од една третина од испитаниците се идентификуваат како геј (34,56 %). Бисексуалци/бисексуалки биле 29,95 %, а лезбејки 24,42 %. Останатите се идентификувале како квир, пансексуални, хетеросексуални и асексуални.
    - Најголемиот број од испитаниците не зборуваат отворено за својата сексуална ориентација со никого освен со своите најблиски другар/-ки (54,76 %). По еден од десетмина испитаници зборуваат за својата сексуална ориентација во образовна или работна средина (11,56 %) со најблиските членови од семејството (9,18 %) или со сите од опкружувањето (11,22 %).

**Табела 2: ЛГБТИК испитаници според род и сексуална ориентација.**

| Род[19] | Машки | Женски | Небинаререн |
|---|---|---|---|
| Сексуална ориентација | | | |
| Геј | 71 | 1 | 2 |
| Лезбејка | | 50 | 3 |
| Бисексуалец/-ка | 17 | 44 | 4 |
| Хетеросексуалец/-ка | 1 | 8 | |
| Асексуалец/-ка | 1 | 0 | |
| Друго | 4 | 4 | 3 |

19 Поимот род во овој контекст е сеопфатен термин што вклучуваа цисродови и трансродови испитаници.

# 4
# НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 4.1. Пристап до социјална заштита

**Клучни наоди**

- 17,92 % биле дискриминирани при користењето права од социјалната заштита, а од нив, 84,44 % не ја пријавиле дискриминацијата;
- 12,50 % од испитаниците се соочиле со дискриминација при користењето социјални услуги во локалната заедница;
- 56,67 % од испитаниците изразиле незадоволство од односот на стручната служба при користењето услуги од социјалната заштита;
- Ниту еден од испитаниците што преживеале дискриминација при користењето социјални услуги во локална заедница, во институција или од страна на стручната служба не го пријавил случајот до ниту една релевантна институција или организација.

Со цел подобро да се разберат искуствата на ЛГБТИК луѓето при пристапот до социјална заштита, прашалникот вклучи тринаесет прашања што ги опфатија темите на дискриминација, пристап до социјални услуги во локална заедница и пристап до социјални услуги во институција.

Првата група прашања од областа на социјалната заштита се однесува на искуствата на дискриминација кај ЛГБТИК заедницата во процесот на користење права од социјалната заштита (социјална превенција, социјална парична помош, право на социјално домување, еднократна парична помош или материјална помош) и пријавувањето дискриминација во надлежните институции.

Во оваа категорија не се вклучени прашањата за пристап до здравствена заштита, како што беше случај во истражувањето во 2015 година. За да се овозможи подобар увид во искуствата на ЛГБТИК луѓето, прашањата за пристап до здравствена заштита се обработени во посебна категорија.

Според добиените одговори од страна на учесниците, 82,08 % одговориле дека не биле дискриминирани при користењето права од социјалната заштита, додека, пак, 17,92 % биле дискриминирани при користењето права од социјалната заштита (Дијаграм 1).

**Дијаграм 1:**
**Дискриминација на ЛГБТИК луѓето при користењето права од социјалната заштита.**




Од оние што биле дискриминирани при користењето права од социјалната заштита, 84,44 % одговориле дека не ја пријавиле дискриминацијата, 6,67 % пријавиле во НВО, а 4,44 % во полиција или во секторот за внатрешна контрола при МВР. Само по едно лице пријавило во Центарот за социјална работа и во Комисијата за заштита од дискриминација (Дијаграм 2).

**Дијаграм 2:**
**Пријавување на искуствата на дискриминација при користењето права од социјалната заштита до надлежна државна институција или организација.**




Наодите од анализата покажуваат дека искуствата со дискриминација кај ЛГБТИК заедницата не се пријавуваат. Од сите испитаници што не го пријавиле случајот на дискриминација, 43,24 % изјавиле дека причина за тоа била недовербата во тоа дека институциите ќе го решат случајот. Значителен е процентот на испитаници (24,33 %) што се плашеле дека пријавувањето на случајот ќе има негативни последици за нив (страв за нивната безбедност – 8,11 %, страв од откривање на сексуалната ориентација или родовиот идентитет од страна на службениците – 8,11 %, страв од осуди и предрасуди од околината – 8,11 %). Резултатите од истражувањето ја документираат недовербата што ЛГБТИК заедниците ја имаат во институциите, како и стравот за сопствената безбедност. Помал број од испитаниците (2,70 %) одговориле дека причина за непријавувањето било тоа што се чувствувале непријатно да зборуваат со државни службеници за нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет (Дијаграм 3).

**Дијаграм 3:**
**Доколку не го пријавивте случајот на дискриминација при користењето права од социјалната заштита, кои се причините за тоа?**




На испитаниците им беше дадена можноста да изберат повеќе одговори од листата на услуги во заедницата. Според наодите од истражувањето, најкористени се транспортните услуги (25,17 %), дневните болници (9,73 %) и центрите за ментално здравје (8,05 %). Значителен број од испитаниците (8,39 %) навеле дека иако имале потреба од тоа, не користеле социјални услуги во заедницата (Дијаграм 4).

Наодите покажуваат дека 12,50 % од испитаниците се соочиле со дискриминација при користењето социјални услуги во локалната заедница.

**Дијаграм 4:**
**Пристап до социјални услуги во локалната заедница.**




Процентот на оние што користеле услуги во институција е 8,14 % (Дијаграм 5), па со тоа и перцепцијата на дискриминација е многу ниска (1,80 %).

**Дијаграм 5:**
**Пристап до социјални услуги во институција**



Прашалникот го испитува и односот на стручната служба при користењето на услугите од социјалната заштита. Притоа, 43,33 % биле задоволни, а 56,67 % од испитаниците изразиле незадоволство од односот на стручната служба при користењето услуги од социјалната заштита – социјални услуги и во институција и во локална заедница (Дијаграм 6).

**Дијаграм 6:**

**Дали сте задоволни од односот на стручната служба при користењето на услугите од социјалната заштита (во институција и во локална заедница)?**




Најчести причини за незадоволство од односот на стручната служба (Дијаграм 7) беа следните: ненавремено и/или неефикасно постапување (38,78 %), несоодветен однос на службениците поради сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на испитаникот (26,53 %), дискриминација поради сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на испитаникот (16,33 %). Оние испитаници што ја избраа опцијата „друго“ (18,37 %) ги споделија сопствените искуства, кои вклучуваат:

1. Дискриминација поради етничка припадност;
2. Стигматизација поради родово изразување, изглед и начин на облекување;
3. Сексуално вознемирување од страна на болничар;
4. Генерално вулгарен, непристоен и непрофесионален однос неврзан со сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на испитаникот;
5. Предрасуди и неинформираност од страна на стручната служба.

**Дијаграм 7:**

**Забелешки за односот на стручната служба при користењето на услугите од социјалната заштита (во институција и во локална заедница).**




Загрижувачки е податокот дека ниту еден од испитаниците што преживеал дискриминација при користењето социјални услуги во локална заедница, во институција или од страна на стручната служба не го пријавил случајот до ниту една релевантна институција или организација. Недовербата во тоа дека институциите ќе го решат случајот

(38,46 %) е главната причина поради која не го пријавиле случајот двајца од петмина испитаници, додека, пак, за речиси една третина од испитаниците (28,72 %) тоа е стравот дека пријавувањето на случајот на дискриминација ќе има штетни последици за нив: страв за сопствената безбедност (7,69 %), страв од откривање на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на испитаникот од страна на службениците (11,54 %) и страв од осуди и предрасуди од околината на испитаникот (7,69 %). На секој десетти испитаник (11,54 %) му било непријатно да разговара со државни службеници за својата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет, а 15,38 % од испитаниците не знаеле каде можат да го пријават случајот (Дијаграм 8).

**Дијаграм 8:**
**Кои се причините за непријавување на случајот на дискриминација при користењето права од социјалната заштита (во институција и во локална заедница)?**




### 4.1.1. Препораки од заедницата

Учесниците во истражувањето беа запрашани за нивни гледишта и препораки за подобрување или олеснување на пристапот до социјални услуги за ЛГБТИК луѓето. Нивните искази може да се групираат во пет групи:

**А. Едукација на службениците за работа со ЛГБТИК луѓето**

1. Да се едуцираат надлежните за ЛГБТИ луѓето и нивните потреби;
2. Едукација на службениците за да не дискриминираат ЛГБТ луѓе;
3. Да се вложат повеќе ресурси за социјални услуги и едукација на службениците;
4. Вработените во овие институции да се образоваат за ЛГБТИ теми и „да научат дека сите не живееме во цис-хетеро утопија“;
5. Работниците во овие социјални институции треба да се запознаат со термините околу ЛГБТИ луѓето и да се едуцираат повеќе на тие теми;
6. Да се сензибилизира персоналот што работи во центрите што нудат социјални услуги;
7. Да се направат работилници од страна на организациите за вработените што ги нудат услугите за да бидат посензитивни кога станува збор за ЛГБТИ.

Б. Унапредување и примена на законската рамка

8. Тоа што е потребно е Законот за дискриминација да функционира и да постои објективна и експедитивна комисија за дискриминација. Со решавањето случи на дискриминација во социјални институции во корист на ЛГБТИ лицата, ќе се зголеми и свесноста на службениците да внимаваат како постапуваат. Секако, кај нас, во Македонија, само санкциите може да направат некаква промена. Тоа би било само површно, секако, но некако мислам дека вистинско прифаќање на ЛГБТИ луѓето во Македонија е далеку од можно во моментов;
9. Институциите да го следат новиот Закон за антидискриминација и, во најмала рака, да не дискриминираат активно. Треба да се реши проблемот со мито и корупција и треба повеќе инспектори да проверуваат како работат овие институции за да не се случува толку често дискриминација;
10. Да се обезбедат еднакви права за ЛГБТИ луѓето како и за сите други;
11. Да се унапреди законската рамка за да се обезбеди право на социјални услуги и за ЛГБТ луѓето и тие да не смее да бидат одбиени.

**В.** Структурни промени за олеснување на пристапот до социјални услуги

12. Да се вработат луѓе од ЛГБТИ заедницата во самите служби бидејќи тие најдобро би ги сфатиле потребите на заедницата;
13. Да постојат безбедни центри во сите мали градови;
14. Да се вработи психолог или социјален работник за работа со ЛГБТИ заедницата;
15. Да се обезбеди поголема пристапност до услугите со можност за онлајн пристап;
16. Да се постави професионален кадар затоа што сега ЛГБТИ луѓето имаат страв да ги користат овие услуги;
17. Може да има ознака дека таа институција е во ред со ЛГБТИ луѓе, односно дека ќе им помогне најсоодветно на овие лица (како сертифицирана услуга, нешто така);
18. Да се вработат образовани лица во институциите за социјална заштита што ќе ја познаваат ЛГБТИ проблематиката и ќе бидат како медијатори меѓу институциите и заедницата;
19. Социјалните институции треба јавно да се декларираат дека се сојузници на ЛГБТИ заедницата за да не мора квир-луѓето да ги кријат своите идентитети од службениците;
20. Да се обезбеди подобра психолошка поддршка за ЛГБТИ луѓето и да се овозможи семеен психолог за ЛГБТИ лицата;
21. Да се обезбеди поголема безбедност за ЛГБТИ луѓето при остварувањето социјални услуги;
22. Луѓето што имаат таква професија (кои нудат социјални услуги) треба да бидат подложени на некој тест пред да ја добијат таа работа. Да бидат отворени (open-minded) со цел да не ги навредат луѓето што ја бараат помошта;
23. Поригорозна контрола одгоре надолу на администрацијата што нуди социјални услуги. Казнување на вработените што ги дискриминираат ЛГБТИ луѓето;

24. Треба да се воведе инклузивно сексуално образование и да се нормализира постоењето на ЛГБТИ луѓето;
25. Да се најде начин да се мотивираат вработените во социјалните служби, да даваат поквалитетни услуги, да се намали хетеронормативното гледиште на поголемиот процент на вработените;
26. Треба да се види до кој степен постои хомофобија/трансфобија во институциите за да се увиди колку реално може да се спроведат политики што би ги поддржале ЛГБТИ луѓето;
27. Подобрена инфраструктура на ниво на цела држава, во сите државни органи и со поголема моќ;
28. Воведување афирмативни мерки за ЛГБТИ лица;
29. Да постојат посебни сектори што би се занимавале само со ЛГБТИ проблематиката;
30. Поефикасна работа на социјалните служби и повеќе средства од државниот буџет за социјални служби;
31. Намалување на бирократијата и поголема ажурност на системот за процена за подобност на лицата на кои им е потребна социјална помош;
32. Да има места (НВО/ вонинституционално) каде што ЛГБТИ лицата би се чувствувале побезбедно/недискриминирано при барањето информации за социјални услуги;
33. Да се отвори Центар за поддршка на ЛГБТИ во мојата Општина Шуто Оризари.

**Г. Подобрување на пристапот до информации за социјалните услуги**

34. Да се подобри пристапот до информации за тоа кои социјални услуги постојат и се достапни;
35. Јасно да се знае кои социјални услуги кој треба да ги добива, да се знае пакет услуги за ЛГБТИ луѓето, да се креира, да им се олесни пристапот до нив, особено за луѓе што се отфрлени од семејствата поради нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет, да им се даде посебна помош;
36. Да се обрне внимание на ЛГБТИ луѓето што се од помалите градови за подигнување на свеста за достапноста на овие услуги во нивните места на живеење;
37. Телефонска линија за информирање/помош;
38. Повеќе информации од страна на Центрите за социјална заштита на ЛГБТИ лицата;
39. Отворање инфо-центри/пунктови за ЛГБТИ;
40. Да помогнат медиумите во информирањето на ЛГБТИ заедницата за овие социјални услуги.

**Д. Подигнување на јавната свест**

41. Кампањи за прифаќање на ЛГБТИ луѓето;
42. Да се нормализираат различните сексуалности и родови идентитети;

43. Да се соочи јавноста со постоењето на ЛГБТИ луѓето и така да има полесен пристап до информации;
44. Нормализирање на ЛГБТИ луѓето со промоција на социјалните мрежи за ЛГБТИ лицата и за животот/потребите.

## 4.2. Пристап до здравствена заштита

**Клучни наоди**

- 14,55 % од испитаниците сметаат дека биле жртва на дискриминација во процесот на остварување на здравствената заштита;
- 91,18 % не го пријавиле случајот во ниту една одговорна институција или организација;
- 71,88 % од испитаниците не споделиле информација за нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет со својот гинеколог;
- 38,46 % од испитаниците искусиле несоодветни прашања и коментари, вознемирување или дискриминација или комбинација од нив при пристапот до примарна и секундарна здравствена заштита за транс-лица. 21,43 % не успеале да ги добијат потребните здравствени услуги. .

Пристапот до здравствена заштита е дел од социјалните услуги. Но, со цел подобро да ги разбереме искуствата на ЛГБТИК луѓето при пристапот до здравство, во ова истражување тоа го испитавме одделно. Прашалникот вклучи вкупно 19 прашања во овој дел. Од нив, седум прашања се однесуваат на општиот пристап до здравствена заштита, додека, пак, шест прашања специфично се наменети за цис-жени, транс-мажи, небинарни и интерсекс луѓе, кои имаат потреба од гинеколошки прегледи, а шест за пристапот до примарна и секундарна здравствена заштита специфична за процедурите за потврдување на родот.

Според наодите од истражувањето, 14,55 % од испитаниците сметаат дека биле жртви на дискриминација во процесот на остварување на здравствената заштита (Дијаграм 9). Загрижувачки е податокот дека од сите што преживеале дискриминација, само 3 лица (8,82 %) го пријавиле случајот, од кои едно во Министерството за здравство, едно во невладина организација, а едно лице разговарало со медиуми што ја обработуваат оваа тема. Единствено лицето што го пријавило случајот во невладина организација изјави дека е крајно задоволно од односот на службениците во однос на неговата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет. Додека, пак, останатите две, кои пријавиле во Министерството за здравство и релевантен медиум соодветно, изјавиле дека според нивното искуство, тие се крајно незадоволни од односот на службениците.

**Дијаграм 9:**

**Дали сметате дека сте биле жртва на дискриминација во процесот на остварување на правата од здравствената заштита?**




Од оние испитаници што не го пријавиле случајот на дискриминација при пристапот до здравство, побаравме да ја наведат причината. Наодите од нивните одговори (Дијаграм 10) укажуваат на тоа дека најголемиот дел од нив немаат доверба во тоа дека институциите ќе го решат случајот (35,48 %) или (се плашеле дека тоа може да има штетни последици – 35,49 %), вклучително и страв за сопствената безбедност (9,68 %), страв од откривање на неговата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет (9,68 %) и страв од осуди и предрасуди од околината (16,13 %). Еден од испитаниците наведе дека причина за непријавувањето на случајот на дискриминација било негативното искуство што го доживеал во минатото кога пријавил друг случај на дискриминација.

Значителен процент (14,71 %) од оние што се соочиле со дискриминација во пристапот до здравствените услуги навеле дека не го пријавиле случајот затоа што не знаеле каде можат да го сторат тоа.

**Дијаграм 10:**

**Кои се причините за непријавување на случајот на дискриминација во процесот на остварување на правата од здравствената заштита?**



### 4.2.1. Пристап до гинеколог

Со цел подобро да се разберат искуствата при посета на гинеколог, креиравме секција во прашалникот наменета само за оние испитаници (половина од вкупниот истражувачки примерок – 51,61 %) што имаат потреба од гинеколошки услуги. Прашањата беа наменети за цис-жени, транс-мажи, небинарни и интерсекс луѓе што имаат потреба од гинеколошки прегледи. Наодите покажуваат дека 14,29 % од испитаниците што имале потреба од гинеколошки третман, сè уште не го направиле тоа. Две клучни причини што ги навеле испитаниците за тоа се избегнувањето да се одговара на прашањата за сексуалните партнери и недостигот на храброст.

Најголем дел од испитаниците (85,71 %) посетиле гинеколошка амбуланта барем еднаш во нивниот живот. Од нив, помал процент се придржуваат до препораките за посета на гинеколог на секои шест месеци (18,81 %). Речиси една третина од испитаниците (27,72 %) тоа го прават еднаш годишно, а 37,62 % посетуваат гинеколог само по потреба.

Со цел подобро да го разбереме контекстот, ги запрашавме испитаниците дали нивните матични гинеколози се запознаени со нивната сексуална ориентација и/или родовиот идентитет. Наодите покажаа дека двајца од тројца испитаници (71,88 %) не споделиле информација за нивната сексуална ориентација и/или родовиот идентитет (Дијаграм 11).

**Дијаграм 11:**

**Дали лекарот/-ката е запознаен/-а со вашата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет?**




Наодите за искуството при посетата на гинеколог на групата испитаници што споделиле информација за својата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет се разликуваат од оние на групата каде што таа информација не била откриена пред гинеколозите. Па така, 17,14 % од првата група се соочиле со несоодветни прашања и коментари, наспроти 6,25 % од втората група. Вознемирување искусиле 8,57 % од првата група, наспроти 3,13 % од втората. Дискриминирани биле 11,43 % од оние што го информирале својот гинеколог за својата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет, наспроти 1,56 % што биле дискриминирани во групата што не споделиле информација за тоа (Дијаграм 12).

**Дијаграм 12:**

**Дали за време на прегледите, поради вашата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет сте искусиле...? (Да – споделиле информација за својата СОРИ; Не – не споделиле информација за својата СОРИ.)**




И во двете групи приближно е ист процентот на оние што сметаат дека односот на лекарот/лекарката бил професионален, 48,57 % во првата група и 50 % во втората. Иако процентот на оние што ја избрале опцијата „друго" се разликува помеѓу двете групи, може да се констатира дека и кај едните и кај другите се документирани непријатни искуства од посетата на гинеколог.

### Искуствата што беа споделени под опцијата „друго" вклучуваат:

**А. Споделиле информација за својата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет (14,29 %)**

- Се избегнуваше таа тема, како да не постои, иако сум зборувала за девојка ми – се третирала како дечко, ми зборуваше (лекарот/-ката) само за дечкото.
- Првата лекарка се однесувала несоодветно, иако сметам дека било поради сексизам, а не трансфобија во тој момент, бидејќи сè уште не бев аут. Сегашниот гинеколог ми е супер и е запознаен со мојот родов идентитет.
- Лекарката ми е пријателка x 2.
- Добив поддршка од лекарката.

**Б. Не споделиле информација за својата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет (39 %)**

- Коментари од типот на „треба да си фатиш дечко, треба да си мажена" итн.
- Не знам дали би можела да бидам аут поради претпоставките што веќе ги прави лекарката, односно секогаш претпоставува дека сум имала хетеросексуални односи.
- Мајка ми се знаеше со лекарката и затоа ми беше непријатно да ѝ кажам дека сум пан кога имав проблем поради секс со девојка.
- Ако добро се сеќавам, на првиот преглед, по прашањето дали сум сексуално активна, на што одговор беше да, понатамошниот тек на разговорот, па и прегледот беше

во насока и со претпоставка дека сум во хетеросексуална врска, што го сметам за прилично несоодветно.

- Иако не можам да кажам дека сум била дискриминирана, бидејќи не сум аут и лекарот не знае дека спијам и со девојки, сепак постојано има несоодветни прашања бидејќи сум доста сексуално активна, менувам партнери често. Гинекологот упорно ме советува да не спијам со многу момци бидејќи тие „не се пазат“. Но јас не можам да му кажам дека менувам и женски партнерки и дека ми требаат совети и за тоа, едноставно мислам дека нема да разбере.
- Само еднаш бев на гинеколог и не сум отишла повторно бидејќи постојано ме прашуваа за сексуални односи со момчиња. Не ми беше пријатна целата ситуација и не знаев дали смеам да прашам за секс со девојка. Инаку не ѝ кажав на лекарката дека сум лезбејка.
- Ми коментираше дека треба побрзо да си најдам дечко затоа што треба побрзо да раѓам поради тоа што имам еден полицистичен јајник. Јас ова го сметам за непристоен коментар.
- Сметав дека не може отворено да зборувам за мојот родов идентитет пред гинекологот.
- Хетеронормативност од страна на лекарите и секогаш претпоставуваа дека сум била со машки партнер.

41 % од испитаниците во оваа група навеле дека не се „аут“ пред нивните лекари, а дека лекарите претпоставиле дека се хетеросексуални без да прашаат.

### 4.2.2. Пристап до примарна и секундарна здравствена заштита за транс-лица

Со цел подобро да ги разбереме искуствата поврзани со пристапот до здравствена заштита специфична за процедурите за потврдување на родот, во прашалникот подготвивме секција специфично за таа намена. Прашањата од овој дел беа наменети за транс, небинарни и интерсекс луѓе што имаат потреба од здравствена заштита специфична за процедурите за потврдување на родот, а беа пополнети од 23 испитаници, односно 10,59 %. Од овие испитаници, 40,91 % побарале здравствени услуги за започнување на процесот за потврдување на родот (Дијаграм 13).

**Дијаграм 13:**

**Дали сте побарале здравствени услуги за започнување на процесот за потврдување на родот?**



Од наодите може да се увиди дека две петтини (38,46 %) од испитаниците искусиле несоодветни прашања и коментари, вознемирување или дискриминација или комбинација од нив (Дијаграм 14). Кај испитаниците што ја избрале опцијата „друго“, искуствата вклучуваат:

- Пред транзицијата имав лошо искуство со интернист во државното здравство и потоа ја почнав транзицијата во [име на приватна болница]. Сметам дека сепак е случај на дискриминација бидејќи интернистот прашуваше несоодветни прашања во врска со ендокринолошките тестови.
- Само разговарав со психијатар и ми рече дека не може да почнам со хормони во моментот поради корона-кризата ама се надевам дека ќе може да почнам наскоро.

**Дијаграм 15:**

**Дали за време на прегледите, поради вашата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет, сте искусиле...?**




Загрижувачки е податокот дека еден од петмина испитаници (21,43 %) не успеале да ги добијат здравствени услуги, иако имале потреба од тоа (Дијаграм 15).

**Дијаграм 15:**

**Дали ги добивте здравствените услуги што ви беа потребни?**



## 4.3. Пристап до образование

**Клучни наоди**

- 49,25 % биле дискриминирани во рамките на образовниот процес од страна на соучениците, наставниот кадар или администрацијата;
- 81,19 % од нив случајот не го пријавиле во ниту една надлежна институција или организација;
- Кај 45,68 % од оние што не го пријавиле случајот на дискриминација, причина за тоа бил стравот дека тоа може да има штетни последици за нив.

Со цел подобро да се разберат искуствата на ЛГБТИК луѓето при пристапот до образование, вклучивме седум прашања. Половина од испитаниците (49,25 %) биле дискриминирани во рамките на образовниот процес од страна на соучениците, наставниот кадар или администрацијата (Дијаграм 16). Четворица од петмина што искусиле дискриминација (81,19 %), случајот не го пријавиле во ниту една надлежна институција. Најголем број од оние што пријавиле (10,89 %), тоа го сториле во стручната служба на образовната институција, 1 % пријавиле во полиција, 1 % кај Народен правобранител и 2 % кај наставник/професор.

**Дијаграм 16:**

**Дали сметате дека сте биле жртва на дискриминација во образовниот процес?**




**Дијаграм 17:**

**Доколку го пријавивте случајот, дали сте задоволни од односот на службениците во однос на вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување?**



Најголем дел од испитаниците што ја избраа опцијата „друго“, односно што пријавиле во полиција, кај наставник/професор или разговарале со својот психолог за случајот искажале крајно незадоволство (71,43 %), незадоволни биле 14,29 % и задоволни биле 14,29 %. Повеќе од половина од испитаниците што пријавиле во стручната служба на образовната институција (58,33 %) биле крајно незадоволни или незадоволни, една третина (33,33 %) биле неутрални и 8,33 % биле задоволни од односот на службениците. Половина од оние што пријавиле кај Народниот правобранител биле незадоволни, а половина неутрални (Дијаграм 17).

Со цел подобро да се разберат искуствата на крајно незадоволство и незадоволство, испитаниците беа запрашани на што се однесувале нивните забелешки. Речиси по една третина (28,57 %) навеле дека биле дискриминирани поради нивата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување, службениците имале несоодветен однос поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување или случајот бил одолжуван или немало никаков одговор од страна на службениците поради нивното ненавремено и неефикасно постапување (Дијаграм 18). Останатите (14,29 %) обележале „друго“, а еден испитаник дообјаснил дека *„(д)ирекnear торката на училиштето не ги казнува децата што ми вршат булинг. Родителот на едно од тие деца е многу важна личност во нашиот мал град. Мајка ми неколку пати има пријавено, но нема досега никаква реакција, освен 'поразговарајте и смирете се'“.*

**Дијаграм 18:**

**Доколку на претходното прашање одговоривте со „крајно незадоволни“ или „незадоволни“, дали имате забелешки во однос на:**




- **Бев дискриминиран/а заради мојата сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување**
- **Ненавремено и неефикасно постапување (одолговлекување на случајот или недобивање**
- **Несоодветен однос на службениците заради вашата сексуална ориентација, родов идентитет или родово изразување**
- **Друга**

Речиси кај половина (45,68 %) од оние што не го пријавиле случајот на дискриминација, причина за тоа бил стравот дека тоа може да има штетни последици за нив: страв за сопствената безбедност (9,88 %), страв од откривање на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на испитаникот од страна на службениците (13,58 %) и страв од осуди и предрасуди од околината на испитаникот (22,22 %). Речиси секој четврти испитаник (23,46 %) нема доверба во тоа дека институциите ќе го решат случајот. Значителен процент (13,58 %) не знаеле каде може да го пријават случајот, а на 6,17 % од испитаниците им било непријатно да зборуваат со државни службеници за нивната сексуална ориентација и/или родовиот идентитет (Дијаграм 19).

**Дијаграм 19:** Доколку не го пријавивте случајот, која е причината за тоа?




## Пристап до вработување

### Клучни наоди

- 20,71 % биле дискриминирани на работното место, а 16,76 % биле дискриминирани при процесот на вработување (за време на интервју, тестирање за работна позиција и слично) поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или изразувањето;
- 87,89 % не го пријавиле случајот на дискриминација кај ниту една надлежна институција или организација;
- Кај 35,90 % од испитаниците што не го пријавиле случајот на дискриминација, причина била недовербата во тоа дека институциите ќе го решат случајот, а 25,64 % се плашеле дека тоа може да има штетни последици за нив.

Прашањата за искуствата на дискриминација при пристапот до вработување се однесуваат на 82,49 % од вкупниот број испитаници што во изминатите три години биле во работен однос (редовен или хонорарен) или аплицирале за работа. Наодите покажуваат дека секој петти испитаник (20,71 %) бил дискриминиран на работното место, а помал број (16,76 %) биле дискриминирани при процесот на вработување (за време на интервју, тестирање за работна позиција и слично) поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или изразувањето (Дијаграм 20).

**Дијаграм 20:**

**Дали сметате дека сте биле дискриминирани поради вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на вашето работно место или при процесот на вработување?**







Речиси деветмина од десетмина испитаници (87,80 %) не го пријавиле случајот на дискриминација кај ниту еден надлежен орган, а мал дел пријавиле во одделението за човечки ресурси или кај надлежно лице (7,32 %) и во невладина организација (4,88 %). Една третина (33,33 %) од оние што пријавиле дискриминација се крајно задоволни (*„Случајот се реши и колешката што дискриминираше, престана“*), а останатите 66,67 % се крајно незадоволни (*„Се случуваше и понатаму, испаднав крива јас. Ме отпуштија на крај, а немаше баш причина очигледна за тоа, претпоставувам дека беше поради мојата сексуална ориентација, заради тоа што бев гласна по однос на тоа прашање...“*). Испитаникот што го пријавил случајот во НВО, исто така изјавил крајно незадоволство од односот на вработените поради непрепознавањето на дискриминацијата врз трансродово лице од страна на службеникот.

Кај повеќе од една третина (35,90 %) од испитаниците што не го пријавиле случајот на дискриминација, причина била недовербата во тоа дека институциите ќе го решат случајот, а секое четврто лице (25,64 %) се плашело дека тоа може да има штетни последици за нив: страв за сопствената безбедност (7,69 %), страв од откривање на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на испитаникот од страна на службениците (5,13 %) и страв од осуди и предрасуди од околината на испитаникот (12,82 %). На 5,13 % од испитаниците им било непријатно да зборуваат со државни службеници за нивната сексуална ориентација и/или родовиот идентитет, а 17,95 % не знаеле каде да го пријават случајот (Дијаграм 21).

**Дијаграм 21:**

**Доколку не го пријавивте случајот, која е причината за тоа?**




## 4.5. Насилство и семејно насилство

**Клучни наоди**

- 51,17 % преживеале некаков вид насилство поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување;
- 82,14 % не го пријавиле случајот на насилство во ниту една надлежна институција или невладина организација;
- Од оние што го пријавиле насилството, 73,33 % не биле задоволни од третманот на институциите, и тоа 53,85 % поради дискриминација и несоодветен однос од страна на службениците поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување, а 46,15 % поради ненавремено и неефикасно постапување;
- 26,21 % сметаат дека биле жртви на семејно насилство поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување;
- 85,96 % не го пријавиле случајот на семејно насилство во ниту една надлежна институција или невладина организација;
- Кај 45,83 % од испитаниците што не го пријавиле случајот на семејно насилство, причина за тоа бил стравот дека тоа може да има штетни последици за нив.

Прашањата од 54 до 69 се однесуваат на остварувањето на правата на ЛГБТИК луѓето во врска со насилство, вклучително и семејно насилство. Наодите покажуваат дека повеќе од половина од сите испитаници (51,17 %) преживеале некаков вид насилство поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување (Дијаграм 22). Загрижувачки е податокот дека повеќе од четири петтини од испитаниците (82,14 %) не го пријавиле случајот во ниту една надлежна институција или невладина организација (Дијаграм 23). Од оние 17,86 % што го пријавиле насилството, повеќе од две третини (73,33 %) не биле задоволни од третманот на институциите, и тоа повеќе од половина (53,85 %) поради дискриминација и несоодветен однос од

страна на службениците поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување, а 46,15 % поради ненавремено и неефикасно постапување (Дијаграм 24). Од оние што биле незадоволни од третманот на институциите, 90 % тоа не го пријавиле во ниту една надлежна институција или организација.

**Дијаграм 22:**

**Дали сметате дека сте биле жртва на насилство поради вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување?**




**Дијаграм 23:**

**Дали го пријавивте случајот во некоја од наведените институции/организации?**




**Дијаграм 24:**

**Доколку на претходното прашање одговоривте со „крајно незадоволни“ или „незадоволни“, дали имате забелешки во однос на:**



За најголемиот дел од испитаниците што не го пријавиле случајот, причина за тоа бил стравот дека пријавувањето може да има штетни последици за нив (40,22 %): страв за сопствената безбедност (16,09 %), страв од откривање на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на испитаникот од страна на службениците (12,64 %) и страв од осуди и предрасуди од околината на испитаникот (11,49 %), а речиси третина од испитаниците (27,59 %) немале доверба во тоа дека институциите ќе го решат случајот (Дијаграм 25).

**Дијаграм 25:**

**Доколку не го пријавивте случајот, која е причината за тоа?**




Слична ситуацијата се јавува и кај оние што одговориле дека биле жртви на семејно насилство. Така, повеќе од една четвртина од испитаниците (26,21 %) сметаат дека биле жртви на семејно насилство поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување (Дијаграм 26). Од нив, 85,96 % насилството не го пријавиле во ниту една релевантна институција или организација (Дијаграм 27).

**Дијаграм 26:**

**Дали сметате дека сте биле жртва на семејно насилство поради вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување?**



**Дијаграм 27:**

**Дали го пријавивте случајот на семејно насилство во некоја од наведените институции/ организации?**




Од оние 14,04 % што го пријавиле насилството во релевантните институции, две од три лица (66,67 %) не се задоволни од третманот на институциите, и тоа 60 % од нив поради тоа што доживеале дискриминација или несоодветен однос од страна на службениците поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување (Дијаграм 28). И при случај на семејно насилство, дискриминацијата или несоодветниот однос од страна на службениците не бил пријавен кај 75 % од испитаниците што ги имале тоа искуство.

**Дијаграм 28:**

**Доколку на претходното прашање одговоривте со „крајно незадоволни“ или „незадоволни“, дали имате забелешки во однос на:**




Речиси кај половина од испитаниците што не го пријавиле случајот, причина за тоа бил стравот дека пријавувањето може да има штетни последици за нив (45,83 %): страв за сопствената безбедност (16,67 %), страв од откривање на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на испитаникот од страна на службениците (8,33 %) и страв од осуди и предрасуди од околината на испитаникот (20,83 %), а 10,42 % немале доверба во тоа дека институциите ќе го решат случајот (Дијаграм 29). Речиси една третина од оние испитаници што не го пријавиле случајот ја обележале опцијата „друго“, а за повеќе од половината од нив причина била да не се посрамоти семејството или да не доведе тоа до други психолошки последици и за другите членови на семејството. Останатите не знаеле дали и каде може да пријават психолошко и вербално насилство.

**Дијаграм 29:**

Доколку не го пријавивте случајот, која е причината за тоа?




## 4.6. Полициско постапување

**„Апсурдно е полицијата да ја пријавувам во полиција.“**

### Клучни наоди

- 71,16 % имале контакт со полициски службеници надвор од полициска станица, а повеќе од половината од нив, односно 53,52 % не биле задоволни од односот на полициските службеници;
- 31,31 % имале забелешки во однос на дискриминацијата или несоодветниот однос од страна на полициските службеници поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување;
- 77,93 % од полициските службеници не се легитимирале, иако 12,41 % од испитаниците изјавиле дека го побарале тоа од нив;
- 41,18 % од испитаниците што биле повикани во полициска станица во својство на осомничени или сведоци не биле задоволни од односот на полициските службеници кон нив;
- 48 % од ЛГБТИК луѓето што пријавиле случај кога биле жртва на кривично дело на телефонскиот број 192 и 61,9 % од оние што го сториле тоа во полициска станица се незадоволни од односот на полицискиот диспечер/службеник;
- 88,95 % од испитаниците немаат доверба во полицијата дека ќе ги заштити нив или нивните права кога ќе имаат потреба од тоа.

Во делот за полициско постапување, прашањата беа организирани на истиот начин како и при истражувањето спроведено во 2015 година. Така, истражувањето беше насочено на пет групи прашања:

1. Полициско постапување со ЛГБТИК луѓе;
2. Полициски третман на ЛГБТИК жртви;
3. Примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници врз ЛГБТИК луѓе;
4. Пријавување случаи на примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници; и
5. Доверба кај ЛГБТИК луѓето дека полицијата ќе ги заштити кога ќе имаат потреба од тоа.

### 4.6.1. Полициско постапување со ЛГБТИК луѓе

Оваа група прашања се однесуваат на однесувањето на полицијата кон ЛГБТИ луѓето во и надвор од полициската станица. Исто така, оваа група прашања го испитуваат и начинот на примена на одделни полициски овластувања врз ЛГБТИК луѓе. Според наодите, седуммина од десетмина испитаници (71,16 %) имале контакт со полициски службеници надвор од полициска станица, а повеќе од половината од нив (53,52 %) не биле задоволни од односот на полициските службеници (Дијаграм 30).

**Дијаграм 30:**

**Дали сте задоволни од односот на полициските службеници кон вас надвор од полициската станица?**




Од испитаниците што не се задоволни од односот на полициските службеници надвор од полициската станица, една третина (31,31 %) одговориле дека имаат забелешки во однос на дискриминацијата или несоодветниот однос од страна на полициските службеници поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување, а 42,42 % имале забелешка во однос на ненавремено и неефикасно постапување (одолжување на случајот или недобивање одговор). Значителен процент (26,26 %) ја избрале опцијата „друго" наведувајќи го личното искуство од односот на полициските службеници надвор од полициска станица (Дијаграм 31). Така, 70,83 % од испитаниците што ја обележале оваа опција изразиле незадоволство од општиот непрофесионален однос и злоупотребата на авторитетот, без оглед на сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на испитаниците, 12,5 % биле изложени на дискриминација поради нивниот род или етничката припадност и едно лице преживеало физичко насилство од страна на полициски службеник.

**Дијаграм 31:**

**Доколку не сте задоволни од третманот и постапувањето на полициските службеници надвор од полициската станица, дали имате забелешки во однос на:**




Перцепцијата за непрофесионалниот однос на полициските службеници е поткрепена и со податоците што се однесуваат на примената на конкретните полициски овластувања. Така, наодите покажуваат дека само 17,24 % од полициските службеници самоиницијативно се легитимирале и дополнителни 4,83 % го сториле тоа на барање на испитаниците. Сите останати (77,93 %) не се легитимирале, иако 12,41 % од испитаниците изјавиле дека го побарале тоа од нив.

Речиси половина од испитаниците (48,65 %) при контактот со полициски службеници надвор од полициската станица биле подложни на преглед (визуелна проверка на лицето, облеката и багажот, без физички контакт). Речиси една третина од испитаниците (27,52 %) биле изложени на претрес (физичка проверка на лицето, облеката и багажот, со физички контакт и непосреден увид во облеката и багажот) надвор од полициската станица. Само во еден случај полициските службеници покажале наредба од суд за претресот, додека, пак, кај сите останати испитаници, тоа го сториле без судска наредба, што е спротивно на законските прописи.

Од оние испитаници што имале контакт со полициски службеници во полициска станица (по секој друг основ освен во својство на жртва на кривично дело), 13,27 % испитаници одговориле дека биле повикани како сведоци, а 6,16 % како осомничени. Од тие што биле повикани во полициска станица во својство на осомничени или сведоци, 41,18 % не биле задоволни од односот на полициските службеници кон нив (Дијаграм 32). За повеќе од една четвртина од нив (27,78 %), причината за незадоволството била несоодветниот однос на полицискиот службеник поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување, за една третина (33,33 %) причината била ненавременото и неефикасно постапување од страна на полициските службеници (Дијаграм 33). Оние 38,89 % што ја избрале опцијата „друго“, навеле дека причина за незадоволството било тоа што полициските службеници примениле прекумерна сила, користеле закани и заплашувања, извршиле дискриминација на етничка основа или имале непрофесионален однос неврзан за сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на испитаниците.

**Дијаграм 32:**
**Дали сте задоволни од односот на полициските службеници кон вас во полициската станица?**




**Дијаграм 33:**
**Доколку не сте задоволни од третманот и постапувањето на полициските службеници во полициската станица, дали имате забелешки во однос на:**




### 4.6.2. Полициски третман на ЛГБТИК жртви

Оваа група прашања се обидуваат да ја разберат отвореноста на ЛГБТИК луѓето за комуникација со полицијата во случаи кога се жртви на кривични дела, како и да се разбере начинот на кој биле третирани од полициските службеници кога го сториле тоа.

Една петтина од испитаниците (20,28 %) пријавиле случај во полиција кога биле жртва на кривично дело, и тоа 11,79 % на телефонскиот број 192 и 8,49 % во полициска станица. Од оние што го пријавиле случајот на телефонскиот број 192, речиси половината (48 %) не се задоволни од односот на полицискиот диспечер. Незадоволството е на повисоко ниво кај оние испитаници што го пријавиле делото во полициска станица, каде што 61,9 % од испитаниците не биле задоволни од односот на полицискиот службеник (Дијаграм 34).

**Дијаграм 34:**
**Задоволство од односот на полицискиот диспечер/ службеник при пријавувањето кривично дело.**



Дијаграм 35:

**Причини за незадоволство од односот на полицискиот диспечер/службеник при пријавувањето кривично дело.**




Податоците покажуваат речиси идентичен процент на испитаници што се соочиле со ненавремено и непрофесионално однесување од страна на полициските диспечери/службеници и при пријавувањето кривично дело на телефонскиот број 192 (57,89 %) и во полициска станица (60 %). Перципираната дискриминација поради сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на испитаниците е позастапена при пријавувањето кривично дело на телефонскиот број 192 (10,53 %), наспроти при пријавувањето во полициска станица (6,67 %). Сите испитаници што ја обележале опцијата „друго“ навеле дека причина за тоа е општиот непрофесионален однос на полициските диспечери/службеници, без оглед на сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на испитаниците (Дијаграм 35).

### 4.6.3. Примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници врз ЛГБТИК луѓе

Оваа група прашања се фокусираат на искуствата на ЛГБТИК луѓето кога врз нив била применета прекумерна и неоснована полициска сила и на причините за тоа. Наодите покажуваат дека речиси една десеттина (8,84 %) од испитаниците што имале контакт со полициските службеници надвор од полициската станица сметаат дека врз нив била применета неоснована и прекумерна сила. Бројот е помал (6,12 %) на оние што сметаат дека врз нив била применета неоснована и прекумерна сила во полициска станица (Дијаграм 36). Речиси половина (46,15 %) од испитаниците што се изјасниле дека врз нив била применета прекумерна и неоснована полициска сила надвор од полициска станица, сметаат дека нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување биле причината за тоа. Сите останати што се изјасниле дека врз нив била применета прекумерна и неоснована полициска сила во и надвор од полициската станица, не сакале да одговорат дали сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување биле причината за насилството.

Дијаграм 36:

**Дали при контактот со полициските службеници (надвор од полициската станица) тие примениле неоснована или прекумерна сила врз вас?**






### 4.6.4. Пријавување случаи на примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници

Ниту еден од испитаниците што се изјасниле дека врз нив била применета прекумерна и неоснована полициска сила во полициска станица не го пријавиле тоа во ниту еден надлежен орган. Главни причини за тоа биле: недовербата во тоа дека полицијата ќе го реши случајот (50 %), страв за сопствената безбедност (16,67 %) и недостигот на информации за тоа каде може да се пријави случајот (16,67 %). „Апсурдно е полицијата да ја пријавувам во полиција" е изјава на еден од испитаниците што ја навел опцијата „друго" (Дијаграм 37).

Дијаграм 37:

**Причини за непријавувањето случај на неоснована или прекумерна сила применета во полициска станица?**




Од оние што се изјасниле дека врз нив била применета прекумерна и неоснована полициска сила надвор од полициска станица, 17,64 % го пријавиле случајот, и тоа во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР (5,88 %) и/или во невладина организација (11,76 %). Најголемиот дел од испитаниците (77,78 %) не го пријавиле случајот во ниту една институција или организација, а причините што ги навеле за тоа вклучуваат: страв за сопствената безбедност (20 %), страв од откривање на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет од страна на службениците (13,33 %), недоверба во тоа дека полицијата ќе го реши случајот (53,33 %) и недостиг на информации каде може да се пријави случајот (6,67 %) (Дијаграм 38).

Дијаграм 38:

**Причини за непријавувањето случај на неоснована или прекумерна сила применета надвор од полициска станица?**




### 4.6.7. Доверба кај ЛГБТИК луѓето дека полицијата ќе ги заштити кога ќе имаат потреба од тоа

Последното прашање од оваа секција на прашалникот се однесуваше на сите испитаници, без оглед дали имале или немале контакт со полиција, а целта беше да се испита нивната доверба во полицијата дека ќе ги заштити нив и нивните права кога ќе имаат потреба од тоа. Деветмина од десетмина испитаници, односно 88,95 % одговориле дека немаат доверба во полицијата дека ќе ги заштити нив или нивните права кога ќе имаат потреба од тоа (Дијаграм 39).

Дијаграм 39:

**Дали имате доверба дека полицијата ќе ве заштити вас или вашите права кога ќе имате потреба од тоа?**




## 4.7. Пристап до останати услуги

### Клучни наоди

- 47,47 % од испитаниците одговориле дека во нивното место на живеење има организација или институција што може да одговори на прашања поврзани со проблемите со кои се соочуваат ЛГБТИК луѓето. 77,67 % од нив живеат во главниот град;
- 77,27 % од испитаниците што се обратиле во некоја организација за бесплатна правна помош се задоволни од добиената помош;
- 75,56 % од испитаниците изјавиле дека имаат доверба во невладините организации дека ќе им помогнат при остварувањето и заштитата на нивните права.

Во оваа група прашања, речиси половина од испитаниците (47,47 %) одговориле дека во нивното место на живеење има организација или институција што може да одговори на прашања поврзани со проблемите со кои се соочуваат ЛГБТИК луѓето. Поголемиот дел од нив (77,67 %) се испитаници од Скопје. Повеќе од една третина (37,33 %) сметаат дека во нивното место на живеење има организација или институција што нуди советување и психосоцијална поддршка и 28,57 % знаат за организација што нуди бесплатна правна помош на ЛГБТИК луѓето. Слично, и овој тип организации се претежно познати за испитаниците што живеат во Скопје, односно 81,81 % знаат за организации што нудат психосоцијална и 81,96 % што нудат правна помош.

Иако само мал дел од испитаниците (8,88 %) се обратиле во некоја организација за бесплатна правна помош (Дијаграм 40), најголемиот дел од нив (77,27 %) биле задоволни од добиената помош (Дијаграм 41). Дополнително, значително висок процент од испитаниците (75,56 %) изјавиле дека имаат доверба во невладините организации дека ќе им помогнат при остварувањето и заштитата на нивните права (Дијаграм 42).

**Дијаграм 40:**
**Дали сте се обратиле за бесплатна правна помош во некоја организација?**




**Дијаграм 41:**
**Доколку сте се обратиле, дали сте задоволни од добиената помош?**



**Дијаграм 42:**

**Дали имате доверба во невладините организации дека ќе ви помогнат при остварувањето и заштитата на вашите права?**




## 4.8. Информации од страна на институциите

### Клучни наоди

- 98 % од сите испитаници сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации за препознавање и пријавување дискриминација, 94,42 % за препознавање и пријавување насилство врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет или изразување;
- 93,97 % од испитаниците сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации што би им помогнале во процесот на самозастапување, како и практикување и одбрана на сопствените права во областа на правната заштита, личната безбедност и заштитата од насилство.

Најголемиот дел од испитаниците сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации за тоа како да се препознае дискриминација и насилство врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување и каде да се пријави со цел да се обезбеди правна заштита. Па така, 98 % од сите испитаници сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации за препознавање и пријавување дискриминација врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет или изразување (Дијаграм 43), 94,42 % од испитаниците сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации за препознавање и пријавување насилство врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет или изразување (Дијаграм 44) и 93,97 % од испитаниците сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации што би им помогнале во процесот на самозастапување, како и практикување и одбрана на сопствените права во областа на правната заштита, личната безбедност и заштитата од насилство (Дијаграм 45).

**Дијаграм 43:**

Дали сметате дека институциите обезбедуваат доволно информации за препознавање и пријавување дискриминација врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување?




**Дијаграм 44:**

Дали сметате дека институциите обезбедуваат доволно информации за препознавање и пријавување насилство врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување?




**Дијаграм 45:**

Дали сметате дека институциите обезбедуваат доволно информации што би ви помогнале во процесот на самозастапување, практикување и одбрана на вашите права во областа на правната заштита, личната безбедност и заштитата од насилство?



# 5 КОМПАРАТИВЕН ПРИКАЗ НА НАОДИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО СПРОВЕДЕНО ВО 2015 И ОД ТОА СПРОВЕДЕНО ВО 2020 ГОДИНА

## 5.1. Пристап до социјална заштита

**Клучни наоди**

- Забележан е пад на перципирана дискриминација при користењето права од социјалната заштита од 39 % во 2015 на 17,51 % во 2020 година;
- Забележан е пораст при непријавувањето случаи на дискриминација од 74,6 % во 2015 на 82,61 % во 2020 година;
- Забележан е пораст на незадоволството од стручната служба при користењето социјални услуги во заедница или институција од 50 % во 2015 на 57 % во 2020 година;
- Причина за незадоволството била дискриминација или несоодветен однос поради нивната СОРИ кај 52,64 % испитаници во 2015, а кај 42,86 % во 2020 година;
- Од нив, случајот на дискриминација го пријавиле 32 % во 2015 година и ниту еден испитаник, односно 0 % во 2020 година.

Достапните наоди (Прилог 3, Табела 3) бележат пад на искуствата на дискриминација при пристапот до социјални услуги за повеќе од половина (од 39 % во 2015 на 17,51 % во 2020 година) и нагорен тренд на непријавување случаи на дискриминација (од 74,6 % во 2015 на 82,61 % во 2020 година). Како во 2015, така и во 2020 година, најголемата причина за тоа е недовербата што ја имаат испитаниците дека случајот ќе биде решен од страна на институциите, како и стравот дека пријавувањето дискриминација поради сексуалната ориентација или родовиот идентитет на испитаниците може да им нанесе штетни последици.

Исто така, забележан е пад на искуствата на дискриминација и при користењето социјални услуги во локална заедница (од 22,50 % во 2015 година на 12,50 % во 2020 година). А, забележан е пораст при пристапот до социјални услуги во институција, за што се претпоставува дека има влијание и формирањето на единствениот шелтер за ЛГБТИК луѓе. Сепак, процентуалниот износ на оние што ги користат услугите во институција останува значително низок.

Забележаниот пораст при користењето на социјалните услуги во институција се гледа во услугата за престој во домови. Се претпоставува дека тоа е поради можноста за користење престој во шелтер-центарот „Сигурна куќа“ за ЛГБТИ луѓе што не постоеше во 2015 година. Сепак, стапката на перципирана дискриминација во оваа област останува ниска, најверојатно затоа што персоналот во шелтер-центарот „Сигурна куќа“ е специјализиран за работа со ЛГБТИК луѓето.

Споредувајќи ги наодите добиени при истражувањето во 2015 година и оние од 2020 година (Прилог 3, Табела 3), се забележува пораст на незадоволството од односот на стручната служба кон ЛГБТИК заедницата при остварувањето права од социјалната заштита – социјални услуги во институција и социјални услуги во локална заедница (од 50 % во 2015 на 56,67 % во 2020 година). Пропорционално, најчеста причина е неефикасното и ненавременото постапување на стручната служба (47,36 % во 2015, 38,78 % во 2020 година), и дискриминација или несоодветен однос поради нивната СОРИ (52,64 % во 2015, 42,86 % во 2020 година).

Забележан е значителен пад при пријавувањето случаи на дискриминација при користењето социјални услуги во локална заедница, во институција или од страна на стручната служба од 32 % што пријавиле во 2015 на 0 % во 2020 година. Застапеноста на причините за тоа се исти, па така, најчестата причина е недовербата дека институциите ќе го решат случајот и стравот дека пријавувањето може да предизвика дополнителни штетни последици за жртвите на дискриминација.

## 5.2. Пристап до правни услуги

**Клучни наоди**

- **Благ пад на искуствата на насилство има од 61 % во 2015 на 51,17 % во 2020 година и семејно насилство од 36,5 % во 2015 на 26,21 % во 2020 година;**
- **Пораст при непријавувањето случаи на насилство има од 65,9 % во 2015 на 82,14 % во 2020 година и семејно насилство од 66,7 % во 2015 на 85,96 % во 2020 година;**
- **Дискриминацијата во работните односи се задржува на исто ниво (38,6 % во 2015, 37,47 % во 2020 година);**
- **Пораст на довербата во НВО при остварување на своите права има од 54,4 % во 2015 на 75,56 % во 2020 година.**

Наодите што се достапни бележат мал пад на искуствата на насилство и семејно насилство во 2020 во однос на 2015 година, но нагорен тренд на непријавување на тие случаи (Прилог 4, Табела 4). Па така, истражувањето од 2020 година документира дека 51,17 % биле жртви на насилство и 26,21 % на семејно насилство, наспроти 61 % и 36,5 % соодветно во 2015 година. Од нив, според податоците од 2020 година, 82,14 % не го пријавиле случајот на насилство и 85,96 % случајот на семејно насилство, наспроти податоците од 2015 година, кои бележат 65,9 % непријавување при насилство и 66,7 % при семејно насилство.

Високото ниво на незадоволство од третманот на институциите се задржува и во 2020 година (73,33 % во 2020, 85,2 % во 2015 година), па така, наодите од истражувањето потврдуваат дека најголем процент од испитаниците што се охрабриле да го пријават случајот на насилство или домашно насилство биле изложени на дискриминација или несоодветен однос од страна на службениците поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување (53,85 % во 2020, 63,2 % во 2015 година), а останатите се соочиле со ненавремено и неефикасно постапување. Податоците, исто така, бележат пораст на непријавувањето незадоволство од третманот на службениците од 77,8 % во 2015 на 90 % во 2020 година.

Дискриминацијата во работните односи (при вработување, хонорарна или редовна работа, напуштање работа) се задржува на исто ниво (37,47 % во 2020, 38,6 % во 2015 година). Слично, се задржува и трендот на непријавување дискриминација (87,8 % во 2020, 90 % во 2015 година). Кај оние што го пријавиле случајот на дискриминација, наодите бележат пад на незадоволството (од 83,3 % во 2015 на 66,67 % во 2020 година), додека, пак, причините за тоа се задржуваат на исто ниво: ненавремено и неефикасно постапување (45 % во 2015, 50 % во 2020 година), дискриминација или несоодветен однос поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување (55 % во 2015, 50 % во 2020 година).

Иако наодите за оние што пристапиле до НВО за бесплатна правна помош бележат благ пад во 2020 (8,88 %) во споредба со 2015 година (12,8 %), се бележи пораст на довербата што испитаниците ја покажале кон НВО дека ќе им помогнат при остварување на своите човекови права од 54,4 % во 2015 на 75,56 % во 2020 година.

## 5.3. Прашања од областа на полициското постапување

- **Се задржало нивото на незадоволство при контакт со полициски службеници надвор од полициска станица (45,8 % во 2015, 46,48 % во 2020 година);**
- **Пад на нивото на незадоволство при контакт со полициски службеници во полициска станица има од 54 % во 2015 на 41,18 % во 2020 година;**
- **Пад на искуствата на дискриминација и несоодветен однос од страна на полициски службеници надвор од полициска станица има од 68,8 % во 2015 на 31,31 % во 2020 година и во полициска станица од 67,57 % во 2015 на 27,78 % во 2020 година;**
- **Намалување на незадоволството при пријавувањето случај каде што ЛГБТИК луѓето биле жртви на кривично дело има од 72,41 % на 192 и 78,95 % во полициска станица во 2015 на 48 % на 192 и 61,90 % во полициска станица во 2020 година;**
- **Пораст на ненавременото и непрофесионално дејствување од страна на полициски диспечери/службеници при пријавувањето кривично дело на телефонскиот број 192 има од 45,57 % во 2015 на 57,89 % во 2020 година и во полициска станица од 44,23 % во 2015 на 60 % во 2020 година;**

- Пад на случи на примена на неоснована и прекумерна сила и во и надвор од полициска станица има од 17,921 % и 15,69 % во 2015 на 6,12 % и 8,84 % во 2020 година;
- Пораст на непријавувањето неоснована и прекумерна сила и во и надвор од полициска станица има од 52,17 % и 45,92 % во 2015 на 100 % и 77,78 % во 2020 година;
- Недовербата во тоа дека полицијата ќе ги заштити ЛГБТИК луѓето и нивните права бележи пораст од 75,4 % во 2015 на 88,95 % во 2020 година.

### 5.3.1. Полициско постапување со ЛГБТИК луѓе

#### а) Надвор од полициска станица

Наодите од областа на полициското постапување со ЛГБТИК луѓе (Прилог 5, Табела 5.1) покажуваат дека приближно ист процент испитаници имале некаков контакт со полициски службеници надвор од полициска станица. Па така, во рамките на истражувањето од 2015 година, 78,3 % се изјасниле дела имале контакт со полициски службеници надвор од полициска станица, а 71,16 % во 2020 година.

Приближно ист процент испитаници изјавиле дека биле задоволни од односот на полициските службеници кон нив (45,8 % во 2015 и 46,48 % во 2020 година). Разликите се евидентни кај оние испитаници што изразиле незадоволство од односот на полициските службеници. Во 2015 година, 37,7 % одговориле дека имаат забелешки во однос на дискриминацијата и 31,1 % во однос на несоодветниот однос поради нивната сексуална ориентација и/или родовиот идентитет, а 31,2 % одговориле дека имаат забелешки во однос на ненавременото и неефикасно постапување (одолжување на случајот или недобивање одговор). Во 2020 година, ситуацијата е поразлична и бележи пад во искуствата на дискриминација и несоодветен однос поради сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на испитаниците (12,12 %, 19,19 %, соодветно) и пораст на забелешките во однос на ненавременото и неефикасно постапување, вклучително и одолжување на случајот или недобивање одговор (42,42 %). Наодите од истражувањето во 2020 година, за разлика од 2015 година, документираат случаи на злоупотреба на авторитет (70,83 %), дискриминација поради родот и етничката припадност (12,50 %) и неосновано физичко насилство врз еден од испитаниците.

Според наодите што се на располагање, може да се забележи нагорен тренд на непрофесионално однесување од страна на полициските службеници, што се потврдува и со значително зголемениот процент на искуства каде што полициските службеници не се легитимирале дури и кога тоа било побарано од нив. Според наодите од 2015 година, 23 % од полициските службеници се легитимирале самоиницијативно, 21 % тоа го сториле на барање на испитаниците, 40 % не се легитимирале, но испитаниците тоа не го побарале од нив, а 16 % не се легитимирале, иако испитаниците го побарале тоа од нив. Во 2020 година е забележан пад на професионално однесување на полициските службеници, па така, 17,24 % од полициските службеници се легитимирале самоиницијативно,

4,83 % тоа го сториле на барање на испитаниците, 65,52 % не се легитимирале, но испитаниците тоа не го побарале од нив, а 12,41 % не се легитимирале, иако испитаниците го побарале тоа од нив.

При контактот со полициски службеници надвор од полициска станица во 2015 година, 72,63 % од испитаниците биле подложени на преглед (визуелна проверка на лицето, облеката и багажот, без физички контакт) и 44,44 % биле изложени на претрес (физичка проверка на лицето, облеката и багажот, со физички контакт и непосреден увид во облеката и багажот). Кај ниту еден од овие испитаници, полициските службеници не покажале наредба од суд за претрес, што е спротивно на законските прописи. Според наодите од 2020 година, 48,65 % од испитаниците биле подложени на преглед и 27,52 % биле изложени на претрес. Само во еден случај полициските службеници покажале наредба од суд за претресот, додека, пак, во сите останати документирани случаи, тоа го сториле без таква наредба, што е спротивно на законските прописи.





**б) Во полициска станица**

Според наодите од 2015 година за контактот на ЛГБТИ луѓето со полициски службеници во полициска станица (по секој друг основ освен во својство на жртва на кривично дело), 26,82 % од испитаниците одговориле дека биле повикани како сведоци, 8,13 % како осомничени, а 6,5 % биле повикани и во својство на сведоци и во својство на осомничени. Во 2020 година, 13,27 % испитаници одговориле дека биле повикани како сведоци и 6,16 % како осомничени. Споредбата на податоците за нивното искуство (Прилог 5, Табела 5.1) покажува пад на незадоволството од односот на полициските службеници од 54 % во 2015 на 41,18 % во 2020 година.

Од тие што биле незадоволни од односот на полициските службеници, во 2015 година 48,65 % имале забелешки во однос на дискриминацијата врз основа на нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет, 32,43 % во однос на ненавременото и неефикасно постапување од страна на полициските службеници, а останатите 18,92 % се изјасниле дека се незадоволни поради несоодветниот однос на полицискиот службеник поради нивната сексуална ориентација и/или родовиот идентитет. Споредбено, ситуацијата во 2020 година е поразлична и бележи незадоволство поради несоодветниот однос на полицискиот службеник поради сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување на испитаниците кај 27,78 % од испитаниците и ненавременото и неефикасно постапување од страна на полициските службеници кај 30,33 % од испитаниците. Двајца од петмина испитаници (38,89 %) ја избрале опцијата „друго“ и навеле дека причина за незадоволството било тоа што полициските службеници примениле прекумерна сила, користеле закани и заплашувања, извршиле дискриминација на етничка основа или имале општ непрофесионален однос неврзан за сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на испитаниците.

### 5.3.2. Полициски третман на ЛГБТИК жртви

Споредбените податоци (Прилог 5, Табела 5.2) бележат значителен пад на пријавите на случај каде што ЛГБТИК луѓето биле жртви на кривично дело од 36,97 % во 2015 на 20,28 % во 2020 година. Во 2015 година, 15,7 % го сториле тоа преку телефонскиот број

192, а 21,9 % во полициска станица, а во 2020 година, 11,79 % пријавиле случај на телефонскиот број 192, а 8,49 % во полициска станица.

Споредбените наоди бележат пад на незадоволството од односот на полицискиот службеник/диспечер, па така, во 2015 година, од оние што пријавиле кривично дело на 192, незадоволни биле 72,41 %, а од оние што пријавиле во полициска станица, незадоволни биле 78,95 %. Во 2020 година, 48 % од оние што пријавиле кривично дело на 192 се незадоволни од полицискиот диспечер и 61,90 % од оние што пријавиле во полициска станица.

Дополнително, споредбените наоди покажуваат пад на перципираната дискриминација поради сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на испитаниците и пораст на ненавременото и непрофесионално однесување од страна на полициските диспечери/службеници во 2020 во однос на 2015 година. Во 2015 година, дискриминирани врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет биле 30,77 % од оние што пријавиле случај во полициска станица и 21,87 % од оние што тоа го сториле на телефонскиот број 192, за разлика од 2020 година, кога 6,67 % биле дискриминирани во полициска станица и 10,53 % при пријавување случај на телефонскиот број 192. Со непрофесионален однос и ненавремено постапување во 2015 година се соочиле 45,71 % од оние што пријавиле случај на 192 и 44,23 % од оние што тоа го сториле во полициска станица. Наодите од 2020 година бележат пораст, па така, со непрофесионален однос и ненавремено постапување се соочиле 57,89 % од оние што пријавиле случај на 192 и 60 % во полициска станица.

### 5.3.3. Примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници врз ЛГБТИК луѓе

Споредбените наоди (Прилог 5, Табела 5.3) бележат значителен пад на искуствата на неоснована и прекумерна сила во и надвор од полициската станица, како и пад на перципираните искуства дека причина за тоа била сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување.

Во 2015 година, 15,69 % од испитаниците се изјасниле дека сметаат оти врз нив била применета неоснована и прекумерна сила надвор од полициската станица и 17,91 % во полициска станица. И во двата случаи, 75 % од испитаниците што се изјасниле дека врз нив била применета прекумерна и неоснована полициска сила, сметаат дека токму нивната сексуална ориентација и/или родовиот идентитет било причината за тоа.

Податоците од 2020 година бележат пад на примената на неоснована и прекумерна сила, па така, 8,84 % од испитаниците сметаат дека врз нив била применета неоснована и прекумерна сила надвор од полициската станица и 6,12 % во полициска станица. Во однос на причината, 46,15 % од испитаниците што се изјасниле дека врз нив била применета прекумерна и неоснована полициска сила надвор од полициска станица, сметаат дека нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување било причината за тоа, додека, пак, сите што се изјасниле дека биле жртви на прекумерна и неоснована полициска сила во полициска станица не сакале да одговорат дали сексуалната ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување било причина за насилството.

### 5.3.4. Пријавување случаи на примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници

Споредбените наоди (Прилог 5, Табела 5.4) бележат значителен пораст на непријавувањето случаи на примена на неоснована и прекумерна сила во 2020 година во однос на 2015 година. Во 2015 година, 77,78 % од испитаниците што сметаат дека биле жртви на прекумерна и неоснована примена на полициска сила надвор од полициската станица не го пријавиле случајот, во споредба со 2015 година, кога 45,92 % не го пријавиле. Од оние што го пријавиле случајот, во 2020 година, 5,88 % пријавиле во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР, а 11,76 % во невладина организација, во 2015 година, 33,28 % случајот го пријавиле во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР, а 4,16 % се обратиле во невладина организација.

Ситуација е уште позагрижувачка кај оние испитаници што биле жртви на прекумерна и неоснована примена на полициска сила во полициска станица. Според наодите од 2020 година, ниту еден од испитаниците врз кои била применета прекумерна и неоснована сила во полициска станица не го пријавил случајот во ниту една надлежна институција или организација. Во 2015 година, 52,17 % не го пријавиле случајот. Од оние што го пријавиле, 39,13 % од испитаниците тоа го сториле во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР, а 4,35 % се обратиле во невладина организација.

Иако наодите бележат значителен пад во пријавувањето прекумерна и неоснована сила во 2020 во однос на 2015 година и во и надвор од полициска станица, главната причина за непријавување е недовербата во тоа дека полицијата ќе го реши случајот. Па така, во 2015 година тоа било главна причина за непријавување кај 64,70 % од испитаниците што не ја пријавиле применатa на прекумерна и неоснована полициска сила надвор од полициска станица и 69,24 % во полициска станица. Во 2020 година, недовербата во тоа дека полицијата ќе го реши случајот била главната причина за непријавување кај 53,33 % од испитаниците што не ја пријавиле применатa на прекумерна и неоснована полициска сила надвор од полициска станица и 50 % во полициска станица и стравот за сопствената безбедност за 20 % од испитаниците што не ја пријавиле применатa на прекумерна и неоснована полициска сила надвор од полициска станица и 16,67 % во полициска станица.

### 5.3.5. Доверба дека полицијата ќе ве заштити вас и вашите права кога ќе имате потреба од тоа

Споредбените податоци (Прилог 5, Табела 5.5) покажуваат дека споредбено со 2015 година (75,4 %), пораснала недовербата на ЛГБТИК луѓето во полицијата (88,95 %) дека ќе ги заштити нив и нивните права кога ќе имаат потреба од тоа.

Дополнително, наодите бележат дека се задржал и малку пораснал трендот на неинформирање на ЛГБТИК луѓето како би им се помогнало во процесите на самозастапување, практикување и одбрана на сопствените права во областа на правната заштита, личната безбедност и заштитата од насилство (90,33 % во 2015, 93,97 % во 2020 година).

# 6

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

## 6.1. Заклучок

Со овој извештај направивме обид да ги прикажеме искуствата на ЛГБТИК луѓето во РСМ кога станува збор за насилство и дискриминација поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или изразувањето. Нивните колективни искуства покажуваат загрижувачко високо нивно на дискриминација, вознемирување и насилство поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување.

Дискриминацијата при пристапот до социјални услуги, здравство, вработување и образование сѐ уште е на високо ниво. Ситуацијата е уште поалармантна кога станува збор за искуствата на насилство и домашно насилство. И покрај големата изложеност на насилство и дискриминација, најголемиот дел од ЛГБТИК луѓето не го пријавуваат тоа кај одговорните институции поради недоверба дека случајот ќе се реши и поради страв дека тоа може да предизвика штетни последици за нив. Тие малкумина што се охрабриле да пријават се соочиле со дискриминација или несоодветен однос поради нивната сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување или со ненавремено и неефикасно постапување, што дополнително придонесува за зголемување на недовербата во институциите.

Контекстот на неприфаќање, стигма и дискриминација кон сексуалните и родови малцинства се отсликува и при пристапот до сите социјални и здравствени услуги. Истражувањето покажува дека испитаниците што биле отворени за својата сексуална ориентација со своите гинеколози искусуваат за три пати повеќе несоодветни прашања и вознемирување и за шест пати повеќе биле дискриминирани од страна на лекарите во споредба со оние што не биле отворени. Дополнително, секое петто транс или небинарно лице не успеало да ги добие потребните здравствени услуги за потврдување на родот. Ваквиот исклучувачки однос кон ЛГБТИК луѓето придонесува за репродуцирање и интернализирање на хомофобијата и трансфобијата, како и кон општа недоверба во јавните сервиси.

Половина од испитаниците биле изложени на дискриминација во рамките на образовниот систем од страна на соучениците, наставниот кадар или администрацијата, а повеќе од една третина на работното место или при процесот на вработување. Со тоа, овие ЛГБТИК луѓе биле спречени да добијат еднаков пристап за остварување на својот потенцијал. Најголемиот дел од нив не го пријавиле случајот од страв дека тоа може да има

дополнителни штетни последици за нив, како и поради недовербата дека институциите ќе го решат случајот. Може да се претпостави дека културата на неказнивост и недостигот на правна разрешница на случаите на дискриминација и насилство поради сексуалната ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување придонесуваат за недовербата на ЛГБТИК луѓето дека институциите ќе ја осигурат нивната безбедност и ќе работат кон брзо правно решавање на пријавените случаи.

Незадоволството од односот на јавните службеници кај оние што се охрабриле да пријават случај на дискриминација, како и неколкугодишното непостоење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминации дополнително придонесуваат за високата недоверба кон институциите и малиот процент на пријавување нови случаи.

Незаконското полициско постапување кон ЛГБТИК луѓето, извршените претреси без судска наредба, злоупотребата на авторитет, дискриминацијата, како и употребата на неоснована и прекумерна сила за кои испитаниците во ова истражување посведочиле дополнително ја намалуваат довербата во полицијата, што се потврди и со изјавата на четворица од петмина испитаници. Немањето доверба во тоа дека полицијата ќе ги заштити кога им е потребно, загрижувачки ниската стапка на пријавување случаи на насилство во полиција, како и недостигот на правна разрешница за пријавените случи ја ограничуваат можноста ЛГБТИК луѓето да живеат безбедно и без насилство.

Речиси сите ЛГБТИК луѓе што учествуваа во истражувањето сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации за тоа како да се препознае дискриминација и насилство врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување и каде да се пријави со цел да се обезбеди правна заштита. Дополнително, голем број од нив укажуваат на недоволниот капацитет на институциите, отсуството на јавни кампањи, како и отсуството на афирмативни мерки за вработување на ЛГБТИК луѓе во институциите што обезбедуваат социјални услуги во заедница или институција.

Компаративниот преглед на искуствата на ЛГБТИК луѓето покажа пад во перцепцијата на дискриминација и насилство споредбено со 2015 година, но значителен пораст на непријавување на тие случаи во одговорните институции. Може да се претпостави дека јавната поддршка од страна на политичкиот врв во РСМ, унапредувањето на легислативата во насока на заштита на правата на ЛГБТИК луѓето, но и работата на ЛГБТИК организациите, јавните кампањи за унапредување на положбата на ЛГБТИК луѓето и успешното одржување на првата Парада на гордоста во Скопје придонеле за пад во перцепцијата на дискриминација и насилство. Сепак, тоа не е доволно, затоа што податоците покажуваат повисоко ниво на недоверба во институциите споредено со 2015 година.

## 6.2. Препораки

Врз основа на препораките од заедницата содржани во делот 5.1.1. и останатите наоди од истражувањето, формулиравме конкретни препораки до институциите за системска заштита и спречување дискриминација и насилство врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување.

### 6.2.1. Унапредување и примена на законската рамка

- Усвојување законски измени во Законот за матична евиденција со цел овозможување правно признавање на родот врз основа на самоопределување.
- Вклучување на основот „полови карактеристики" во Законот за заштита и спречување од дискриминација.
- Хармонизација на националното законодавство со Законот за заштита и спречување од дискриминација.
- Продолжување на реформите во сите степени на образование за отстранување на дискриминаторската литература, вклучување афирмативни содржини за ЛГБТИК и воведување сеопфатно сексуално образование.
- Усвојување нов Закон за работни односи што ќе ги препознае СОРИИПК како заштитени основи од дискриминација.
- Усвојување Закон за родова еднаквост што јасно ќе ги вклучи транс-луѓето во персоналниот опфат.
- Усогласување на националното законодавство со одредбите и стандардите што произлегуваат од Истанбулската конвенција.
- Да се обезбеди правна разрешница за делата од омраза врз ЛГБТИ Центарот за поддршка и ЛГБТИК луѓето.
- Органите при Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда да воведат системи за документирање говор и дела од омраза, распределени по сите основи, вклучително и основите за сексуална ориентација, родов идентитет и изразување и полови карактеристики (СОРИИПК).
- Да започне со работа работната група при Министерството за здравство за развој на прирачник за здравствени услуги поврзани со медицинско потврдување на родот.
- Да се овозможи непречен пристап до здравствени услуги за ЛГБТИК луѓето, вклучително и пристапот до медицинско потврдување на родот.
- Здравствените услуги за медицинско потврдување на родот да бидат вклучени во листата и да бидат на товар на Фондот за здравствено осигурување.
- ЛГБТИК организациите и активистите да бидат консултирани и вклучени во работни групи за подготовка на политики, закони и програми релевантни за овие заедници.
- Развој на капацитетите на институционалните системи

- Јакнење на капацитетите на државните институции за работа со ЛГБТИК луѓе преку подготовка и усвојување модули за континуирана дообука на вработените за дискриминација, насилство и говор на омраза кон сексуални и родови малцинства.
- Воведување системи за прибирање десегрегирани податоци за дискриминација и дела од омраза во релевантните институции што ќе вклучуваат и СОРИИПК како основ.
- Министерството за труд и социјална политика повторно да обезбеди финансиска поддршка за единствениот шелтер-центар „Сигурна куќа" за ЛГБТИК луѓе во РСМ.
- Развој и усвојување образовни модули од областите на дискриминација, насилство и говор на омраза со посебен фокус на СОРИИПК при Академијата за судии и јавни обвинители и Полициската академија.
- Јакнење на капацитетите на полициските службеници и обвинителите за да се овозможи поефективна заштита и спречување дела и говор на омраза на основ на СОРИИПК.
- Јакнење на капацитетите на интерните механизми на контрола во полицијата за навремено и ефективно дејствување при непостапување или непрофесионално дејствување од страна на полициските службеници.
- Со програмите на владата, министерствата и локалните самоуправи да се обезбеди финансиска поддршка за ЛГБТИК организациите во РСМ.
- Да продолжи финансиската и јавната поддршка за Викендот на гордоста и Парадата на гордоста.

### 6.2.2. Олеснување на пристапот до информации и подигнување на јавната свест

- Обезбедување ресурси за подготовка и спроведување редовни кампањи за подигнување на јавната свест со цел промовирање на човековите права на ЛГБТИК луѓето.
- Информативни кампањи за препознавање на различните видови дискриминација, насилство и говор на омраза и информации за тоа каде може да се пријават.
- Комисијата за заштита од дискриминација и Народниот правобранител да дејствуваат според својот мандат и да спроведуваат промотивни кампањи за теми релевантни за ЛГБТИК заедниците.

# 7 ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1

### Прашалник за утврдување на пристапот до услуги и заштита за ЛГБТИК луѓето во Република Северна Македонија

Целта на истражувањето е да ги идентификува препреките и предизвиците со кои се соочуваат ЛГБТИК луѓето во Република Северна Македонија (РСМ) при остварувањето и заштитата на човековите права при пристапот до услуги и заштита, како и да направи констатација за прогресот, односно регресот во однос на 2015 година. За да се утврдат потребите и проблемите со кои ЛГБТИК луѓето се соочуваат во РСМ, прашалникот ќе опфати прашања од областите на социјалната заштита, правната заштита, здравствената заштита и полициското постапување.

Истражувањето е спроведено во рамките на проектот „Унапредување на човековите права и слободи на ЛГБТИ лицата во Македонија", финансиран од Мисијата на ОБСЕ во Кралството Холандија.

За ова интервју ќе бидат потребни од 45 до 60 минути. Прашањата се однесуваат на вашите лични искуства на преживеани дискриминација или насилство поради вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет, родовото изразување и/или половите карактеристики во рамките на образованието, работното место и пристапот до здравствени услуги во последните три години. Прашалникот, исто така, ќе вклучи прашања што се однесуваат на вашите перцепции во однос на пристапот до услуги, односно за односот на службениците и ефективноста од работењето на институциите и организациите. За специфичните термини вклучени во прашањата, подготвен е поимник со дефиниции што ќе ви бидат презентирани за соодветните прашања. Секој од испитаниците ќе добие паричен надоместок во бруто-износ од 600 денари, а за таа цел ќе треба да потпише договор.

Пополнувањето на прашалникот е целосно анонимно. Секоја информација што ќе се обезбеди во текот на истражувањето ќе биде доверлива, а податоците нема да се користат за индивидуално прикажување случај. Тие ќе бидат објавени во финален извештај и ќе бидат збирно прикажани во табели, графикони и/или дијаграми. За повеќе прашања во врска со истражувањето и користењето на податоците може да се обратите кај истражувачката Биљана Гинова на bginova@gmail.com.

За да обезбедиме точни податоци, ве молиме за искрени и целосни одговори. Интервјуто може да го прекинете во кое било време, без никакво објаснување за причините на тоа.

**Дали се согласувате за учество во истражувањето?**

- Да
- Не

Име и презиме на анкетарот: ........................................................................................

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**1.** Место на живеење:

**2.** Возраст:

**3.** Која од наведените опции најдобро го опишува вашиот род:

- Машки
- Женски
- Небинарен
- Акогоопишуватеродотсоразличентермин……………………………………………

**4.** Дали се идентификувате како транс?

*Терминот „транс“ е овде вклучен како сеопфатен термин за луѓето што не се идентификуваат со полот назначен при нивното раѓање. Терминот може да ги опфаќа транссексуалците, трансродовите луѓе, небинарните, ародовите и слично.

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**5.** Дали сте интерсекс?

*Интерсекс се луѓето родени со полови карактеристики (вклучително гениталии, полови органи и хромозоми) што не се вклопуваат во типичните бинарни разбирања на машко или женско тело. Во некои случаи, карактеристиките на интерсекс се видливи при раѓањето, а некогаш не се видливи до пубертетот. Некои хромозомски варијации на интерсекс не се воопшто физички видливи.

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**6.** Во однос на вашата сексуална ориентација, вие се идентификувате како:

*Сексуална ориентација е способноста за романтична или сексуална привлечност кон личност од одреден род или без оглед на родот. Сексуалната ориентација претставува сексуален идентитет или себеидентификување како бисексуалци, хомосексуалци, хетеросексуалци и слично.

- Геј
- Лезбејка
- Бисексуалец/-ка
- Хетеросексуалец/-ка
- Асексуалец/-ка
- Ако ја опишувате вашата сексуална ориентација со различен термин

……………………………………………………………………………………

**7. Дали отворено зборувате за вашата сексуална ориентација? (да се обележат сите изјави што се точни)**

- Само со моите најблиски другари/-ки
- Во училиште/факултет и/или на работното место
- Со најблиските членови на моето семејство
- Со сите од моето окружување
- Друго ............................................................

**8. Дали сметате дека имате попреченост?**

*Лица со попреченост се оние лица со долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различни бариери може да го попречат нивното целосно или ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите.

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**9. Која е вашата етничка припадност?**

- Македонец/-ка
- Албанец/-ка
- Ром/-ка
- Турчин/-ка
- Србин/-ка
- Друго ............................................................
- Не сакам да одговорам

**10. Според вашата лична перцепција, како би ја опишале вашата социо-економска состојба?**

- Средна класа
- Висока класа
- Работничка класа
- Не сакам да одговорам

# А. ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Пристап до социјална заштита

**11. Дали сметате дека сте биле жртва на дискриминација во процесот на остварување на правата од социјална заштита (социјална превенција, социјална парична помош, право на социјално домување, еднократна парична помош или материјална помош)?**

*Дискриминација е нееднаков третман од страна на орган, правно или физичко лице кон определено лице или група лица поради нивните лични карактеристики, како што се, на пример: раса, боја на кожа, етничка припадност, пол, род, **сексуална ориентација, родов идентитет и изразување**,полови карактеристики, религија, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, здравствена состојба или која било друга основа.

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**12. Доколку сметате дека сте биле, наведете дали тоа сте го пријавиле во надлежна државна институција или организација? (можни се повеќе одговори)**

- Да, во Комисија за заштита од дискриминација
- Да, во Центарот за социјална работа
- Да, во Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените
- Да, кај Народен правобранител
- Да, во НВО ..............................
- Да, на друго место ..............................
- Не
- Не сакам да одговорам

**13. Доколку не го пријавивте случајот, која е причината за тоа? (можни се повеќе одговори)**

- Страв за мојата безбедност
- Страв од откривање на мојата сексуална ориентација или родовиот идентитет од страна на службениците
- Страв од осуди и предрасуди од мојата околина
- Немам доверба во тоа дека институциите ќе го решат случајот
- Непријатно ми е да зборувам со државни службеници за мојата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет
- Не знаев каде да го пријавам
- Друго ..............................
- Не сакам да одговорам

**14.** **Дали сте користеле некоја од социјалните услуги во локалната заедница? (можни се повеќе одговори)**

- Клубови за стари и возрасни лица
- Дневни болници
- Центри за рехабилитација
- Центри за ресоцијализација
- Транспортни услуги
- Краткорочен престој во дневни центри
- Народни кујни
- Советувалишта
- Тераписки центри
- СОС-линии
- Центри за образовна поддршка
- Центри за ментално здравје
- Не сум имал/-а потреба од користење социјални услуги во локалната заедница
- Не сум користел/-а социјални услуги во локалната заедница иако сум имал/-а потреба од тоа
- Не сакам да одговорам

**15.** **Дали при користењето социјални услуги во локалната заедница сметате дека сте биле жртва на дискриминација поради вашата сексуална ориентација/родовиот идентитет и при користење на која услуга? (можни се повеќе одговори)**

- Да, при користење клубови за стари и возрасни лица
- Да, при користење дневни болници
- Да, при користење центри за рехабилитација
- Да, при користење центри за ресоцијализација
- Да, при користење транспортни услуги
- Да, при користење краткорочен престој во дневни центри
- Да, при користење народни кујни
- Да, при користење советувалишта
- Да, при користење тераписки центри
- Да, при користење СОС-линии
- Да, при користење центри за образовна поддршка
- Да, при користење центри за ментално здравје

- Не сум била/-а дискриминиран/-а при користење социјална услуга во локалната заедница
- Не сум имал/-а потреба од користење социјални услуги во локалната заедница
- Не сум користел/-а социјални услуги во локалната заедница иако сум имал/-а потреба од тоа
- Не сакам да одговорам

**16. Дали сте користеле некоја од социјалните услуги во институција? (можни се повеќе одговори)**

- Престој во домови
- Домување – конгрегација (независно живеење во заедница со најмување стан за 3-4 лица)
- Помогнато домување
- Заштитено домување (речиси независно домување со помош од лице надзорник што не живее таму)
- Тераписки групни домови
- Куќа на пола пат (помош и поддршка за реинтеграција во општеството на лице во ризик)
- Куќи за закрепнување од болести на зависност
- Не сум имал/-а потреба од користење социјални услуги во институција
- Не сум користел/-а социјални услуги во институција иако сум имал/-а потреба од тоа
- Не сакам да одговорам

**17. Дали при користење социјални услуги во институција сметате дека сте биле жртва на дискриминација поради вашата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет и при која услуга? (можни се повеќе одговори)**

- Да, при користење престој во домови
- Да, при користење домување – конгрегација (независно живеење во заедница со најмување стан за 3-4 лица)
- Да, при користење помогнато домување
- Да, при користење заштитено домување (речиси независно домување со помош од лице надзорник што не живее таму)
- Да, при користење тераписки групни домови
- Да, при користење куќа на пола пат (помош и поддршка за реинтеграција во општеството на лице во ризик)
- Да, при користење куќи за закрепнување од болести на зависност

- Не сум била/-а дискриминиран/-а при користење социјална услуга во институција
- Не сум имал/-а потреба од користење социјални услуги во институција
- Не сум користел/-а социјални услуги во институција иако сум имал/-а потреба од тоа
- Не сакам да одговорам

**18. Дали сте задоволни од односот на стручната служба при остварувањето на вашите права од социјална заштита?**

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**19. Доколку одговоривте со „не“ на претходното прашање, дали имавте забелешки во однос на (можни се повеќе одговори):**

- Бев дискриминиран/-а поради мојата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет
- Ненавремено и/или неефикасно постапување (одолжување на случајот, недобивање информации за статусот на случајот и слично)
- Несоодветен однос на службениците поради вашата сексуална ориентација, родов идентитет и/или родово изразување
- Друго ........................................
- Не сакам да одговорам

**20. Доколку сметате дека сте биле дискриминирани при користење социјални услуги во локалната заедница, во институција или од страна на стручната служба, дали го пријавивте случајот во надлежна државна институција или организација? (можни се повеќе одговори)**

- Да, во Комисијата за заштита од дискриминација
- Да, во Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените
- Да, во Центарот за социјална работа
- Да, кај Народен правобранител
- Да, во НВО ........................................
- Да, на друго место ........................................
- Не го пријавив случајот
- Не сакам да одговорам

**21. Доколку не го пријавивте случајот, која е причината за тоа? (можни се повеќе одговори)**

- Страв за мојата безбедност

- Страв од откривање на мојата сексуална ориентација или родовиот идентитет од страна на службениците
- Страв од осуди и предрасуди од мојата околина
- Немам доверба во тоа дека институциите ќе го решат случајот
- Непријатно ми е да зборувам со државни службеници за мојата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет
- Не знаев каде да го пријавам
- Друго ..............................
- Не сакам да одговорам



**22.** **Дали имате и кои се вашите предлози за тоа како да се подобри или да се олесни пристапноста до социјални услуги за ЛГБТИ луѓето?**

## Пристап до здравствена заштита

**23.** **Дали сметате дека сте биле жртва на дискриминација во процесот на остварување на правата од здравствена заштита (матичен лекар, специјалист, лабораториски испитувања, лежење во болница, користење дневна болница, прием на терапија и слично)?**

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**24.** **Доколку сметате дека сте биле, наведете дали тоа сте го пријавиле во надлежна државна институција или организација? (можни се повеќе одговори)**

- Да, во Комисија за заштита од дискриминација
- Да, во Центарот за социјална работа
- Да, во Комисијата за унапредување на правата на пациентите
- Да, во Лекарската комора
- Да, во Министерството за здравство
- Да, кај Народен правобранител
- Да, во НВО ..............................
- Да, на друго место..............................
- Не
- Не сакам да одговорам

**25.** **Доколку не го пријавивте случајот, која е причината за тоа? (можни се повеќе одговори)**

- Страв за мојата безбедност
- Страв од откривање на мојата сексуална ориентација или родовиот идентитет од страна на службениците

- Страв од осуди и предрасуди од мојата околина
- Немам доверба во тоа дека институциите ќе го решат случајот
- Непријатно ми е да зборувам со државни службеници за мојата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет
- Не знаев каде да го пријавам
- Друго ............................................................
- Не сакам да одговорам

**26.** Доколку го пријавивте случајот, дали сте задоволни од односот на службениците во однос на вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување? (притоа обележете со 1 ако сте крајно незадоволни, со 2 ако сте незадоволни, со 3 ако сте неутрални, со 4 ако сте задоволни и со 5 ако сте крајно задоволни).

| **Институција/ организација** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| Комисија за заштита од дискриминација | | | | | |
| Центар за социјална работа | | | | | |
| Комисија за унапредување на правата на пациентите | | | | | |
| Лекарска комора Министерство за здравство | | | | | |
| Народен правобранител | | | | | |
| НВО ............................................ | | | | | |
| Друго ........................................ | | | | | |

**27.** Доколку на претходното прашање одговоривте со 1 или 2, дали имате забелешки во однос на (можни се повеќе одговори):

- Бев дискриминиран/-а поради мојата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување
- Ненавремено и неефикасно постапување (одолжување на случајот или недобивање одговор)
- Несоодветен однос на службениците поради вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување
- Друго ............................................................
- Не сакам да одговорам

28. Доколку го пријавивте случајот, кој беше резултатот од тоа? (описен одговор)

.............................................................................................................

.............................................................................................................

.............................................................................................................

## Пристап до гинеколог

(Прашањата се наменети за цис-жени, транс-мажи, небинарни и интерсекс луѓе што имаат потреба од гинеколошки прегледи)

**29. Дали некогаш сте направиле гинеколошки преглед?**

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**30. Доколку одговоривте потврдно, колку често правите гинеколошки прегледи?**

- По потреба
- Еднаш годишно
- На секои 6 месеци
- Друго .............................................................................................

**31. Дали лекарот/-ката е запознаен/-а со вашата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет?**

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**32. Дали за време на прегледите, поради вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување сте искусиле (можни се повеќе одговори):**

- Несоодветни прашања и коментари
- Вознемирување
- Дискриминација
- Ништо од наведеното, односот на лекарот/-ката беше професионален
- Друго .............................................................................................

**33. Доколку не сте биле на гинеколошки преглед досега, кои се причините за тоа:**

.............................................................................................................

## Пристап до примарна и секундарна здравствена заштита за транс-лица

(Прашања за транс, небинарни и интерсекс луѓе што имаат потреба од здравствена заштита специфична за процедурите за потврдување на родот)

**34.** Дали сте побарале здравствени услуги за започнување процес за потврдување на родот?

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**35.** Дали за време на прегледите, поради вашиот родов идентитет и/или родовото изразување сте искусиле (можни се повеќе одговори):

- Несоодветни прашања и коментари
- Вознемирување
- Дискриминација
- Ништо од наведеното, односот на лекарот/-ката беше професионален
- Друго ..............................

**36.** Дали поседувате документи за лична идентификација што го означуваат вашиот род (а не полот назначен при раѓањето)?

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**37.** Доколку не поседувате такви документи, дали за време на прегледите сте се соочиле со проблеми поради тоа? (можни се повеќе одговори)

- Несоодветни прашања и коментари
- Вознемирување
- Дискриминација
- Ништо од наведеното, односот на лекарот/-ката беше професионален
- Друго ..............................

**38.** Дали ги добивте здравствените услуги што ви беа потребни?

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

## Пристап до образование

**39. Дали сметате дека сте биле жртва на дискриминација во образовниот процес?**

- Да, од страна на соучениците, наставниот кадар или администрацијата
- Не, не сум бил/-а дискриминиран/-а
- Не сакам да одговорам

**40. Доколку сметате дека сте биле, наведете дали тоа го имате пријавено во надлежна државна институција или организација? (можни се повеќе одговори)**

- Да, во Комисијата за заштита од дискриминација
- Да, во Центарот за социјална работа
- Да, во Стручната служба на образовната институција
- Да, кај Народен правобранител
- Да, во НВО ...............................................................................
- Да, на друго место.........................................................................
- Не
- Не сакам да одговорам

**41. Доколку не го пријавивте случајот, која е причината за тоа? (можни се повеќе одговори)**

- Страв за мојата безбедност
- Страв од откривање на мојата сексуална ориентација или родовиот идентитет од страна на службениците
- Страв од осуди и предрасуди од мојата околина
- Немам доверба дека институциите ќе го решат случајот
- Непријатно ми е да зборувам со државни службеници за мојата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет
- Не знаев каде да го пријавам
- Друго ...............................................................................
- Не сакам да одговорам

**42. Доколку го пријавивте случајот, дали сте задоволни од односот на службениците во однос на вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување? (притоа обележете со 1 ако сте крајно незадоволни, со 2 ако сте незадоволни, со 3 ако сте неутрални, со 4 ако сте задоволни и со 5 ако сте крајно задоволни).**

| **Институција/ организација** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| Комисија за заштита од дискриминација | | | | | |
| Центар за социјална работа | | | | | |
| Стручна служба на образовната институција | | | | | |
| Народен правобранител | | | | | |
| НВО ........................................ | | | | | |
| Друго ........................................ | | | | | |

**43.** **Доколку на претходното прашање одговоривте со 1 или 2, дали имате забелешки во однос на (можни се повеќе одговори):**

- Бев дискриминиран/-а поради мојата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување
- Ненавремено и неефикасно постапување (одолжување на случајот или недобивање одговор)
- Несоодветен однос на службениците поради вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет или родовото изразување
- Друго ........................................................................................................
- Не сакам да одговорам

**44.** **Доколку го пријавивте случајот, кој беше резултатот од тоа? (описен одговор)**

## Пристап до вработување

**45.** **Дали во текот на минатите три години сте биле во работен однос (редовен или хонорарен) или сте биле во процес на аплицирање за работа?**

- Да
- Не

**46.** **Дали сметате дека сте биле дискриминирани поради вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување во процес на вработување (за време на интервју, тестирање за работна позиција и слично)?**

- Да
- Не
- Не сакам да одговорам

**47.** **Дали сметате дека сте биле дискриминирани поради вашата сексуална ориентација, родовиот идентитет и/или родовото изразување на вашето работно место?**

- Да, од страна на колегите, надредените или надворешните соработници
- Не, не сум бил/-а дискриминиран/-а
- Не сакам да одговорам

**48.** **Доколку сметате дека сте биле, наведете дали тоа сте го пријавиле во надлежна државна институција или организација? (можни се повеќе одговори)**

- Да, во Комисијата за заштита од дискриминација
